Република Македонија
Академија за судии и јавни обвинители



2012

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2012 ГОДИНА



**СОДРЖИНА**

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ..... 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА ..... 5

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 6

1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ..... 6
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 7
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 8

IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ..... 13

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 16

VI ПОЧЕТНА ОБУКА ..... 17

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ..... 19

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ. 34

IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 42

X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ..... 47

XI БИБЛИОТЕКА ..... 49

XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 52

XIII СТАТИСТИКИ ..... 54

XIV ЕВАЛУАЦИЈА ..... 56

XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО ..... 57



**Јануари 2013, Академија за судии и јавни обвинители**
**www.jpacademy.gov.mk**

# I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Во текот на 2012 година, Академијата за судии и јавни обвинители (подолу Академијата) ги презеде сите законски активности и во целост ги оствари обврските што произлегуваат од Програмата за работата на Академијата за 2012 година, Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2011-2012 година и Годишниот каталог на активности во рамките на задолжителната обука за судии, јавни обвинители, претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства за 2012 година, како и Годишниот каталог за обука на судската и обвинителската администрација. И оваа година, Академијата, преку сите свои активности, обезбеди професионална обука и продолжи со остварувањето на својата мисија за унапредување и обезбедување на независно, непристрасно, високо професионално и ефикасно правосудство што ќе го афирмира принципот на владеење на правото и заштита на човековите права.

Академијата, во 2012 година, доследно ги спроведуваше препораките на Европската комисија, содржани во извештаите за следење на прогресот на Република Македонија. Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година посебно е истакната улогата на Академијата во јакнењето на професионалноста и компетентноста на судството, со стапувањето на сила на построгите критериуми за влез во почетната обука на Академијата, поврзани со потврдување на академското знаење и нивото на знаењето на англискиот јазик. Како дел од приемниот испит во Академијата, предвидено е полагање на психолошки тестови и тест за интегритет, чиешто спроведување е доделено на независна и целосно акредитирана институција и преземени се сите потребни мерки за заштита на доверливоста на тестовите, што се класифицирани.

Исто така, се зајакнува евалуацијата и следењето на знаењето и прогресот на кандидатите во текот на почетната обука и се воведува нивна специјализација за професијата судија, односно обвинител, со цел во правосудството да се воведат најквалитетните и најсоодветните личности кои ќе одговорат на предизвиците и барањата на овие престижни професии. Во оваа насока треба да се согледаат сите преземени активности во текот на 2012 година во рамките на почетната обука во Академијата, а сè со цел за доследно почитување на законските прописи и јакнење на независноста и стручноста на претставниците на правосудната професија.

Во поглед на континуираната обука, во текот на 2012 година, Академијата успешно спроведуваше два големи проекта, за обуките за измените на Законот за парнична постапка, поддржани од Министерството за правда и УСАИД и проектот за обуките за новиот Закон за кривична постапка и измените на Кривичниот законик, поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и програмата ОПДАТ на Амбасадата на САД во Република Македонија.

Исто така, во текот на 2012 година, во соработка со Здружението на судската администрација и со јавнообвинителската служба, успешно беа реализирани обуките предвидени согласно Програмата за обука на судските службеници и на јавнообвинителските службеници, како и Каталогот за обука на судските и јавнообвинителските службеници за периодот јануари-декември 2012 година. За периодот јануари-декември 2013 година изработен е нов каталог за обука на судските и јавнообвинителските службеници и тој е доставен до судовите и до јавните обвинителства.

Во текот на 2012 година, Академијата продолжи со реализација на обуки што се фокусираат на најважните области на правото, како што се дополнувањата и измените на

домашната, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската пракса, како и обуки за комплементарни вештини и специјализирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители, според посебно дизајнирана програма за обука. За активностите во рамките на задолжителната континуирана обука за 2013 година, донесен е нов каталог за обуки за судиите, јавните обвинители, претседателите на судови и јавните обвинители на јавните обвинителства, што веќе е доставен во судовите и во јавните обвинителства.

Во април 2012 година заврши ИПА 2008 – „Проект за натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители“. Овој проект почна во јуни 2010 година и имаше за цел да создаде моќна, модерна, транспарентна и напредна институција, што ќе претставува синоним за стручност и професионалност. Преку четирите компоненти од овој проект беа реализирани активностите преку кои Академијата воспостави нов систем за менаџирање на процесите во континуирана и почетна обука, а воспоставен е и нов систем за електронско учење (e-learning), како и нова електронска библиотека. Исто така, креиран е нов веб-портал, што ќе овозможи поголема транспарентност во работата на Академијата, а воедно и полесен пристап за корисниците на системот на Академијата. Во рамките на овие компоненти е креирана и датабаза на електронски материјали што се користени како работни материјали во рамките на почетната и континуираната обука.

Воедно, беше спроведена и оцена на потребите за обука, беа изготвени методологија за оцена на потребите за обука, методологии за креирање програми, рамковна програма за континуирана обука (што е инкорпорирана во Општата програма за континуирана обука), рамковна програма за почетна обука, прашалник за подоцнежна евалуација на обуките, годишен каталог на активности во рамките на задолжителната континуирана обука за судии и јавни обвинители, како и каталог на обуки за судските и обвинителските службеници. Беа подготвени материјали за обука, особено од областа на правото на ЕУ и меѓународното право, а исто така беше изготвена програма за обука за европското и меѓународното право за почетна обука и континуирана обука. Дел од програмата е имплементиран во изминатата година во обуките организирани во соработка со проектот, а останатиот дел беше имплементиран во следните обуки од областа на правото на ЕУ. Беше изготвена и програма за децентрализирани обуки, што е заснована на потребите на судиите и јавните обвинители од регионите и е инкорпорирана во Годишниот каталог на активности за 2012 година.

Имплементацијата на компонентата за воспоставување на системот на е-учење ќе има позитивен ефект врз децентрализираните обуки во поглед на достапност на материјалите за обука.

**Остварувањето на сите четири компоненти од проектот ИПА е доказ за успешната соработка помеѓу домашните правосудни институции, корисници на проектот и нивната способност и умешност успешно да ги менаџираат претпристапните фондови и компонентите од европските проекти, корисно да ги инкорпорираат во институциите со цел унапредување на ефикасноста и професионалноста на правосудството на РМ.**

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 88/2010 година) го уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители, како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, вршењето на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика, како и работењето на органите на управување и финансирањето на Академијата.

Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12/2011 година) поблиску ги уредува внатрешната организација и начинот на вршењето на дејноста на Академијата, додека со деловници и правилници поблиску се уредуваат одредени сегменти од работењето на Академијата (Деловник за работа на Програмскиот совет на Академијата; Деловник за работа на Управниот одбор на Академијата; Правилник за начинот на реализација на програмите за континуирана обука; Правилник за утврдување надоместоци на членовите на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит, предавачите, слушателите на почетната обука и кандидатите за судии и јавни обвинители; и Правилник за организација и работа на библиотеката).

Во текот на 2012 година беа усвоени Измени и дополнувања на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 50/2012 од 17.04.2012 година), со кои се направи усогласување со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У. број 156/2010-0-1 од 29.02.2012 година.

За натамошна имплементација на новините во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители беше донесен Правилник за полагање на приемниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 60/2012 од 16.05.2012 година).

Исто така беа донесени Измени и дополнувања на Кодексот на деловна етика и однесување на вработените во Академијата за судии и јавни обвинители, Правилник за безбедност и здравје при работа и Процедури за регистрација на надворешни корисници на информатичкиот систем на Академијата за судии и јавни обвинители.

На крајот на 2012 година, Собранието на Република Македонија донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, бр. 166 од 26 декември 2012 година) со кој се направи усогласување со одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У. број 183/2010-0-1 од 4.05.2011 година, во поглед на надоместоците на членовите на Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит и учесниците на континуирана обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

# III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

## 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Управниот одбор беше конституиран согласно новиот Закон за Академијата и го сочинуваат 13 члена. Во текот на 2012 година беа одржани 12 седници на Управниот одбор на Академијата на кои се разгледуваа прашања од делокругот на неговите надлежности. Во таа смисла, Управниот одбор на Академијата, на предлог на директорот на Академијата, ги усвои следните акти, извештаи и програми:

- Извештајот на Комисијата за завршен испит за текот и начинот на спроведување на завршниот испит во 2011 година за четвртата генерација кандидати од почетна обука;
- Извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2011 година;
- Листата на предавачи ангажирани по потреба во текот на 2011 година;
- Завршна сметка на Академијата за судии и јавни обвинители за 2011 година;
- План за јавни набавки на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2012 година;
- Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2012 година;
- Дополнение на годишниот план за јавни набавки за 2012 година;
- Измени и дополнувања на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители (поради усогласување со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У. број 156/2010-0-1 од 29.02.2012 година);
- Програма за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители;
- Правилник за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители;
- Листа на предавачи за судските и јавнообвинителските службеници на Академијата;
- Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2013-2014 година;
- Измени и дополнувања на Кодексот на деловна етика и однесување на вработените во Академијата за судии и јавни обвинители;
- Правилник за безбедност и здравје при работа;
- Процедури за регистрација на надворешни корисници и на информатичкиот систем на Академијата за судии и јавни обвинители.

Исто така, во текот на 2012 година, Управниот одбор донесе бројни одлуки согласно Законот и Статутот на Академијата, поврзани со дејноста и работењето на Академијата, од кои позначајни се:

- Одлуката за одредување на степенот на класифицираност на психолошките тестови и тестот за интегритет;
- Одлука – Психолошките тестови и тестот за интегритет за потребите на

Академијата за спроведување на приемен испит за петтата генерација на слушатели на почетна обука да ги приспособи и да ги спроведе Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје;

- Одлука за објавување на јавен оглас за прием на петта генерација слушатели на почетна обука во Академијата;
- Одлука за конституирање Комисија за приемен испит; и
- Одлука за назначување членови и заменици-членови на новиот состав на Програмскиот совет на Академијата.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмскиот совет како стручен орган на Академијата, постапувајќи во рамките на своите надлежности предвидени со новиот Закон и со Статутот на Академијата, одржа вкупно четири седници со кои претседаваше директорот на Академијата и на кои даде насоки и ги утврди следните предлози:

- Предлог-програма за приемен испит;
- Предлог-општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители 2013-2014 година;
- Предлог-каталог на активности во рамките на задолжителната континуирана обука на судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства за периодот јануари-декември 2013 година;
- Мислење за Предлог-листата на предавачи за судските и јавнообвинителските службеници.

Програмскиот совет континуирано работи на надградба и на унапредување на програмите за обука, наставните методологии и техниките во соработка со предавачите и менторите и со директорот и стручната служба на Академијата, во согласност со ингеренциите што ги доби со новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители.

Во таа смисла, Програмскиот совет ја разгледа Рамковната програма за почетна обука – теоретски дел, предложена од проектот ИПА – „Понатамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители“, и даде насоки и предлози како понатаму да се развие, надгради и приспособи на потребите на слушателите на почетна обука во смисла на постигнување на теоретски предавања, соодветно балансирани со практичната работа.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2012 година, директорот, како раководен и извршен орган на Академијата, ги вршеше сите надлежности предвидени со Законот, Статутот на Академијата и другите подзаконски акти. Во таа смисла, во рамките на раководењето со работата на Академијата се грижеше за спроведувањето на одлуките на Управниот одбор, поднесуваше предлози за донесување на општи акти, предлог-програма за работа на Академијата,

предлог-програми за обуки, предлог-годишен извештај за работа на Академијата, претседаваше со седниците на Програмскиот совет, учествуваше во работата на седниците на Управниот одбор без право на глас, на кои редовно поднесуваше извештаи за остварените активности на Академијата во периодот помеѓу две седници. Ја застапуваше и ја претставуваше Академијата во соработката со домашни и меѓународни органи, организации и проекти и вршеше други работи неопходни за работењето на Академијата и за обезбедување услови за нејзино секојдневно нормално функционирање.

Изминатата 2012 година, директорот ги продолжи активностите како член на Судско-буџетскиот совет, на чиишто седници редовно присуствуваше и даваше придонес во работењето на ова тело, а воедно, како член на Работната група за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија, до Министерството за правда на Република Македонија достави и предлози за ревизија на НПАА за 2011-2013 година. Во рамките на новиот Закон за кривична постапка, како претседател на работната




група, формирана во Министерството за правда, за изработка на Акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, во извештајниот период продолжи со активностите насочени кон имплементацијата на новиот Закон. Исто така, во извештајниот период е член и на работната група за измените на Кривичниот законик во Министерството за правда, како и член на работното тело на проектот МАТРА и работната група на проектот на Државната комисија за спречување корупција на проектот „Поддршка во развојот на системот на пријавители во РМ во организација на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК)“, во соработка со Амбасадата на Велика Британија. Изминатата година учествуваше и на состаноците во Советот на судски реформи, како член, како и на состаноците на меѓуресорското тело за борба против корупција.

Во текот на 2012 година, директорот на Академијата одржа предавања, излагања и воведни обраќања и учество на позначајни семинари, работилници и тркалезни маси, организирани во соработка со домашни и странски проекти и со учество на странски предавачи и гости:

- „Финансиски криминал и истраги“;
- „Обука за обучувачи за вештини во водењето на судските постапки“;
- Меѓународна научна конференција на тема „Начелни прашања за кодифицирањето на македонското граѓанско право“ во МАНУ;
- „Судење во разумен рок“, „Конкурентно право во Европската унија“, „Независност на јавните обвинители, оцена на работата на јавните обвинители, избор и разрешување на јавните обвинители“, учество на тркалезната маса посветена на соработката помеѓу нашата Академија и Државна Академија за правосудство(ЕНМ) на Република Франција;
- Презентирање на програмата за обуката за обучувачи посветена на темата: „Конфискација на противправно стекнат имот, одземање предмети и поддршка на антикорупциските мерки“;
- Учество на изолациска сесија со едукаторите за новиот ЗКП за сумирање на резултатите од одржаните базични обуки во поглед на потребите од корекции во ЗКП;
- „Парнична постапка“, специјализираната обука: **„**Вештини за раководење со јавното обвинителство**“**; работилницата на тема „Заштита на животната средина во ЕУ“;
- Излагање на завршниот настан на ИПА 2008 по повод успешната имплементација на сите компоненти на проектот;
- Промоцијата на „Практикум за постапување во случаи на семејно насилство“;
- Тркалезна маса на тема „Судската пракса во врска со кривичните дела против честа и угледот и осврт на праксата на ЕСЧП во поглед на примена на член 10 од ЕСЧП;
- Семинар за јакнење на капацитетите на Академијата со претставниците на други правосудни академии на држави-членки на ЕУ;
- Презентирање на актуелните активности во ГРЕКО, работата на Комитетот ГРЕКО, улогата и активностите на Република Македонија во ГРЕКО, како и годишниот извештај на Комитетот ГРЕКО на семинарот на тема „Поткуп преку концептот на службено лице/Корупција“ и на семинарот на тема „Обука на

обучувачи за медијација“, во соработка со проектот МАТРА – Поддршка за унапредување и имплементација на медијацијата во Македонија.

Во текот на јуни и јули директорот одржа координативни средби и состаноци со претседателите на судовите и стручните соработници во судовите и обвинителствата во сите региони за промоција на новите услови за прием во почетната обука.

Како член на проектниот комитет, учествуваше на настанот по повод почнување на проектот „Поддршка во развојот на системот на пријавители во РМ“ во организација на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК), предавање на семинар на тема „Кривична одговорност на правните лица“, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, предавање на семинар на тема „Кривична одговорност на правните лица“, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

- Одржа предавања на два семинара на тема „Предизвикот на Институтот за спогодување на вината согласно новиот Закон за кривична постапка“, како и на семинарот „Пристапување во ЕУ“ на Регионалната конференција за одбрани прашања за интелектуална сопственост.

Учество на конференцијата на тема „Поддршка на антикорупциските мерки и политики со посебен осврт на конфискација на противправно стекнат имот“, „Презентација на Збирката на референтни пресуди на Европскиот суд за човекови права во врска со член 3, 5, 6 и 8 од ЕСЧП“.

Понатаму, ги оствари следните активности:

- Учество на регионалната конференција на тема „Компјутерски криминал“, тркалезна маса на тема „Говорот на омраза“, семинарот на тема „Судската пракса на Европскиот суд на правдата“ и семинарот на тема „Раководење со суд и менаџирање со буџет“.
- Учество на работилницата за членовите на Судскиот буџетски совет на тема „Подготвување и извршување на судскиот буџет“.
- Учество на стручна расправа за работната верзија на Националната стратегија за воспоставување пробација во Република Македонија.
- Учество на конференција по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на толеранцијата, воведно излагање и активно учество на тркалезната маса „Детектирање на потребите за континуирана едукација на судиите во областа на трговското право“, на семинарот на тема „Подобрување на квалитетот на правдата“, „Право на ЕУ за правосудство II“, учество на Изолациската сесија за комплетирање на материјалите за специјализираните обуки наменети за имплементација на новиот Закон за кривична постапка.

Имаше воведно излагање во рамките на настанот на одбележувањето на завршувањето на базичните обуки за Законот за кривична постапка; излагање на Конференцијата за еднаквост и недискриминација, учество на семинарот на тема „Право за бегалците и практиката (Пракса на Европскиот суд за човекови права и принципот на невраќање)“ и промоција на новото издание на Прирачникот и упатствата на УНХЦР за постапките и критериумите за определување статус на бегалец од 2011 година.

Во рамките на новиот Закон за кривична постапка, како претседател на работната група формирана во Министерството за правда, за изработка на Акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, имаше состаноци со членовите на работната група. Како еден од 28-те обучувачи за новиот ЗКП, како дел од Првиот тим на обучувачи за новиот Закон за кривична постапка, спроведе четири базични обуки посветени на новиот закон.

**Потпишани меморандуми во текот на 2012 година:**

**31 јануари 2012 година** беше потпишан Меморандумот за тригодишна соработка, од страна на Академијата и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, за интензивна соработка во насока на размена на компаративни искуства со цел зајакнување на капацитетите на Академијата и унапредување на ефикасноста на правосудниот систем на Република Македонија.

**27 јуни 2012 година** беше потпишан Меморандум за соработка, со Комисијата за заштита и спречување дискриминација, а во насока на продлабочување на успешно воспоставената соработка помеѓу двете институции.

**12 јули 2012 година** беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Академијата и Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации – УНХЦР, во насока на зајакнување на капацитетите на управното судство, како и развој на домашната судска пракса во согласност со владејачките меѓународни правни стандарди и принципот на владеење на правото.

**29 октомври 2012 година** беше потпишан Меморандум за соработка со Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации, со цел подигнување на степенот на запознаеност на судиите и обвинителите и другите релевантни субјекти што учествуваат во спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во март 2012 година, директорот ја предводеше делегацијата на Република Македонија, во чијшто состав беа највисоките претставници на правосудните институции во Република Македонија и претставници на печатените и електронските медиуми во Република Македонија, која оствари студиска посета на Европскиот суд за човекови права, со цел запознавање со праксата на судот поврзана со член 10 од ЕКЧП. Посетата беше во организација на Академијата за судии и јавни обвинители, во соработка и со финансиската поддршка на инструментот TAIEX на Европската унија и на Европскиот суд за човекови

права во Стразбур.

Во својство на член на работната група на Советодавниот совет на европски судии (CCEC), присуствуваше на 20. Состанок на Работната група на CCEC, што се одржа во Стразбур, Франција.

Во рамките на редовните работни активности во ГРЕКО во својство на шеф на Делегацијата на Република Македонија во Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа, присуствуваше на 54., 55., 56., 57. и 58. Пленарен состанок на Комитетот ГРЕКО, што се одржаа во периодот од март до декември 2012 година во Стразбур.

На покана на Европската судска мрежа, директорот присуствуваше на Генералното собрание на Европската мрежа за правосудна обука (EJTN), што се одржа во мај 2012 година во Копенхаген, Данска.

Во ноември 2012 година, во својство на член на Работната група на Советодавниот совет на европските судии, директорот присуствуваше на Пленарниот состанок на CCEC, каде што беше усвоено Мислењето бр. 15 на Советот.

Во ноември 2012 година, како член на Делегацијата на Република Македонија, директорот присуствуваше на деветтиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност во Брисел, чијашто цел е следење на остварениот напредок на Република Македонија во оваа област во изминатата година, како и релевантноста на утврдените мерки за натамошната реформа.

Во рамките на редовните должности, директорот остваруваше редовни средби со домашните предавачи, како и со странските предавачи, директорите на академиите за обука од регионот и од Европа, со претставници на домашните институции, органи, меѓународни организации, амбасади и домашни и странски проекти, а на покани, активно учествуваше и во низа настани организирани од страна на домашни и странски институции, како и во работата на разни работни групи.

Во рамките на редовното реализирање на законските надлежности, директорот на Академијата одржа голем број на работни состаноци со претставници на невладини организации и со невладиниот сектор, на другите правосудни професии, факултети и други субјекти со кои Академијата соработува, во реализација на обуките за потребите на правосудството.

Во рамките на своите надлежности, директорот во текот на 2012 година донесе бројни одлуки согласно Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Законот за јавни набавки, Законот за работни односи, Законот за државни службеници, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, Законот за платен промет, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за постапување по претставки и предлози, Уредбата за канцелариско и архивско работење, како и други одлуки што произлегуваа од потребите за непречено одвивање на дејноста на Академијата.

Согласно Измените на Законот за државните службеници, што стапи на сила во 2012 година, директорот на Академијата вршеше и оценување на државните службеници, што со новите измени се врши на шест месеци или двапати годишно.

## IV РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Стручната служба на Академијата во текот на 2012 година ги извршуваше сите активности и задачи неопходни за нејзино непречено функционирање. Со тоа даде значителен придонес во остварувањето на сите планирани и зацртани цели од сите сегменти на работењето на Академијата, како и за нејзино институционално зацврстување во предлагањето и спроведувањето на сите програми, поддршка во остварување на надлежностите на органите и телата на Академијата, поддршка на предавачите и менторите како носители на едукативниот процес, организација на студиски посети и обуки во странство, како и поддршка во организацијата на приеми на странски делегации во Академијата. Навремено беа извршени и сите обврски и приоритети што произлегуваат согласно прописите за работни односи, јавните набавки, буџетот, како и други активности со коишто се овозможи унапредување на работата на Академијата.

Вработените во стручната служба со своето присуство и активното учество во креирање и реализација на обуките, низ непосредните контакти со предавачите, менторите и учесниците на обуките, ги стекнуваат информациите и сознанијата за корисноста на обуките и сè повеќе ја добиваат значајната улога на предлагачи и креатори на програмите за следните обуки.

Одличните резултати што ги постигна Академијата во 2012 година се последица на вложениот огромен труд на сите вработени, кои со својата енергија и со посветеноста кон институцијата придонесуваат за угледот, што сосема заслужено го ужива Академијата за судии и јавни обвинители, во домашните и меѓународните односи.

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ**

Во поглед на стручното усовршување на раководната структура и стручната служба беше изготвена и годишна програма за обука на менаџерската структура и на вработените во Академијата за разни сегменти од делокругот на нивното работење, а во насока на извршување на задачите на високо професионално ниво што континуирано ќе го надградуваат.

Во насока на стручно усовршување на стручната служба беше донесена Годишна програма за обуки на вработените во насока на извршување на задачите на високо професионално ниво.

Во таа смисла, Академијата остварува континуирана соработка со Агенцијата за администрација, Бирото за јавни набавки, Судско-буџетскиот совет и други институции и организации што се занимаваат со обука на државната и јавната администрација.



Во текот на 2012 година почна пилот-имплементација на системот за микроучење Knowledge Pulse на Министерството за информатичко општество и администрација, обуки во кои беа вклучени и вработените во информатичкото одделение при Академијата за судии и јавни обвинители. Клиентските апликации веќе се инсталирани и во тек е микроучењето на два пилот-курса: Закон за електронско управување и Закон за јавни набавки. По завршување и евалуација на овие пилот-курсеви ќе се изработат тематски курсеви во кои ќе бидат вклучени сите вработени во Академијата.

Во текот на 2012 година, вработените посетија и голем број обуки наменети за државни службеници, а целта беше нивното професионално надградување и стручно и ефикасно работење: Регистар на државни службеници; Медијацијата во Република Македонија – Како понатаму?; Модернизација на легислативата за заштита на лични податоци во Европа; Управување кон квалитет; Антикорупциски мерки и етика во државната служба; Едукација за јавните набавки; Конзистентна примена на Законот за јавни набавки; Обука за примена на Законот за електронско управување организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Имаше и обука за имплементација на системот за микроучење на државните службеници Knowledge Pulse во организација на Министерството за информатичко

општество и администрација, потоа обука на тема „Компјутерски криминал“ во организација на Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Советот на Европа.

Од особено значење е обуката за зајакнување на капацитетите на Академијата, што Академијата ја организира во соработка и со финансиска поддршка на инструментот TAIEX и таа беше наменета и за стручната служба на Академијата и за членовите на органите на Академијата, предавачите и менторите.

Покрај тоа, вработен во стручната служба учествуваше на семинар за пристапување во ЕУ, за поглавјата 23 – Правосудство и фундаментални права, и 24 – Правда, слобода и безбедност, и на работилница за утврдување на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ во поглавјата 23 и 24, организирани од Секретаријатот за европски прашања во соработка со Развојната програма на Обединетите нации (УНДП).

**УЧЕСТВО НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО РАЗНИ РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ**

Исто така, вработените во стручната служба на Академијата, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, по овластување на директорот, земаа активно учество во својство на членови на работни групи и тела: Работна група за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права (координатор – Министерство за правда); Работна група за поглавјето 3.7. од НПАА – Право на интелектуална сопственост (координатор – Државен завод за индустриска сопственост); Работна група за реализација на Програмата за поттикнување инвестиции во РМ 2011-2014 (координатор – Министерство за економија); Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување (координатор – Министерство за труд и социјална политика); Координативно тело за медијација (координатор – Министерство за правда); Управен комитет на проектот „Градење на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика за имплементирање на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација по основа на пол, етничка припадност, возраст и лица со посебни потреби“ (координатор – Министерство за труд и социјална политика); Работна група за поддршка во изработка на Стратегијата за воспоставување на пробациска служба во Република Македонија (координатор – Министерство за правда, Управа за извршување санкции – проект со финансиска и експертска поддршка на Амбасадата на Обединетото Кралство; Работна група за изготвување програма за обуки од областа на борбата против корупција и спречување на судирот на интереси во соработка со Државната комисија за спречување корупција.

## V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во 2012 година, во Академијата, покрај директорот, беа ангажирани вкупно 22 лица, од кои 15 во редовен работен однос (13 државни службеници и двајца вработени согласно Законот за работни односи), еден ангажиран на проект и шест волонтери. Академијата во 2012 година доби согласност од Министерството за финансии и реализира две вработувања:

– Советник за развој и модернизација на информатичкиот систем;

– Соработник за податочно складирање, анализа и евалуација.

Така Академијата ги зајакна своите капацитети во делот на Одделението за информатички технологии.

Проблемите во функционирањето на Академијата во однос на човечките ресурси се недоволниот број на постојано вработени лица во секторот за континуирана обука, каде што поради обемот на работа ангажирани се волонтери, како и непополнетоста на раководните позиции во хиерархиската поставеност согласно Актот за организација на Академијата.

Графички прикажана, структурата на вработени во Академијата изгледа вака:



## VI ПОЧЕТНА ОБУКА

Во текот на 2012 година направени се сите неопходни подготовки за прием на петтата генерација слушатели на почетна обука согласно условите предвидени во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители од 2010 година.

Имплементацијата на измените во Законот за Академијата од 2010 година во врска со влезот во судската професија почна во 2011 година со активности во насока на примена на меѓународно признати психолошки тестови и тестови за интегритет како дел од приемниот испит во Академијата. Моделите на психолошкиот тест и тестот за интегритет, што ги обезбеди Академијата, се изработени од страна на меѓународна експертска установа од Холандија, која е всушност најстарата консултантска компанија во Холандија, основана во 1927 година како Лабораторија за применета психологија (ЛТП).

Во текот на 2012 година, со одлука на Управниот одбор на Академијата, психолошките тестови и тестот за интегритет се класифицирани согласно Законот за класифицирани информации („Службен весник на РМ", бр. 9/2004, бр. 113/2007 и бр. 145/2010) и се преземени активности во насока на обезбедување на безбедносни сертификати за пристап и ракување со класифицирани информации со соодветниот степен за сите лица кои во текот на спроведување на постапката за прием на петтата генерација слушатели на почетна обука ќе имаат пристап до наведените тестови, пред и по спроведеното оценување, односно евалуација на тестовите и, воедно, од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации се обучени во однос на начинот на работа и потребните мерки и активности што треба да се преземат за безбедност на тестовите како класифицирани информации од неовластен пристап.



Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје – Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, како независна и целосно акредитирана професионална институција на која ѝ се довери спроведувањето на психолошките тестови и тестовите за интегритет, ги приспособи моделите на меѓународно признатите тестови и ги подготви за примена во рамките на приемниот испит за новата генерација слушатели на почетна обука.

Вкупниот број на новата генерација слушатели на почетна обука (29) е определен врз основа на одлуките на Судскиот совет на Република Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Македонија во согласност со член 43 став 2 од Законот за Академијата. Донесени се Програма за приемен испит и Правилник за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители, што се објавени на веб-страницата на Академијата.






## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Следејќи ги најновите измени на домашната легислатива со цел нејзино усогласување со меѓународните документи, нашето правосудство и Академијата, како институција што претставува скапоцена алка во процесот на правосудни реформи, со особено внимание ги следи и ги имплементира модерните трендови и текови на европското правосудство со цел подобрување не само на независноста, туку и на ефикасноста и отвореноста на судството. Во таа насока, континуираната обука на судиите и јавните обвинители, на претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и субјектите што учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, се спроведува поради постојано стручно усовршување на теоретските и практичните знаења и вештини поради стручно и ефикасно вршење на судската и јавнообвинителската функција.

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше согласно Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и Годишниот каталог на активности за 2012 година, што е во целост реализиран.

Обуките беа фокусирани на најважните области на правото, како што се дополнувањата и измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската пракса, како и обуки за комплементарни вештини и специјализирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители според посебно дизајнирана програма за обука. Особен акцент беше ставен на обуките во областите и темите што со Партнерството за пристапување беа посочени како приоритетни за усогласување на законската регулатива со acquis, а коишто, исто така, се предвидени и со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), особено обуки во следните области: обуки за измените и дополнувањата на Законот за парнична постапка, на Кривичниот законик и на новиот Закон за кривична постапка, обуки за борба против организираниот криминал и корупцијата и финансискиот криминал, за судир на интереси, примена на Европската конвенција за човекови права, одделни области од правото на ЕУ итн.

Поголемиот дел од обуките што ги спроведе Академијата беа мултидисциплинарни, што значи дека на обуките Академијата обезбедува интердисциплинарен состав на предавачите и на учесниците.

### <u>БРОЈ НА ОБУКИ ВО 2012 ГОДИНА</u>

Во периодот од 1 јануари 2012 година до 31 декември 2012 година во организација на Академијата реализирани се вкупно 232 обуки, со вкупно реализирани 378 денови на обука и со учество на 7.158 учесници, од коишто 3.984 учесници беа судии, 1.098 јавни

обвинители, 977 стручни соработници од судовите, 78 стручни соработници од обвинителствата и 1.021 друг учесник – претставници од други релевантни институции, организации, невладин сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.




## <u>СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ</u>



## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните 232 обуки во извештајниот период, 122 обуки се во самостојна организација на Академијата, додека 110 обуки Академијата ги организираше во соработка и делумно или целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.




## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните обуки во извештајниот период, 55 обуки се од областа на граѓанското право, 90 обуки од областа на кривичното право, четири обуки од областа на меѓународното право, пет обуки од областа на правото на ЕУ, 13 обуки од областа на управното право, шест обуки од областа на трговското право и 54 обуки беа посветени на општи теми. Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:



Во текот на 2012 година беа ангажирани вкупно 152 предавачи, од кои 103 домашни експерти и 49 странски експерти.




Од домашните експерти кои во текот на 2012 година земале учество за предавачи на обуките, 31 се судии, 13 се јавни обвинители и 59 други експерти, согласно областите што беа опфатени со обуките.




Во 2012 година, како резултат на постигнатиот рејтинг во домашните и меѓународните односи, Академијата продолжи со ангажирање експерти од највисоко ниво – судии и јавни обвинители од странските држави од највисоките инстанции, врховните судови, уставните судови, државните јавни обвинителства, професори, судии на Европскиот суд за човекови права и други врвни експерти.

Покрај предавачите на Академијата, кои се на листата на постојани предавачи, Академијата ангажираше и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и други државни органи, институции и организации, особено од оние со кои Академијата во партнерство ги исполнува обврските за обуки согласно НПАА, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и многу други, од профилот потребен за конкретната обука.

# МЕТОДОЛОГИЈА И ЦЕЛНИ ГРУПИ, СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА

## ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАН СИСТЕМ НА ОБУКА

Академијата уште од почетокот на работата развива систем на децентрализирана обука, што е широко поддржан од сите целни групи во регионите преку системот на ангажирање лица за контакт за обуките и присуство на обуките на еден вработен од стручната служба на Академијата. Согласно планот за работа и усвоениот годишен календар за обуки, тие присуствуваат на обуките во регионите, даваат техничка и стручна помош на предавачите, водат записници и изготвуваат извештаи за секоја обука.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 160 обуки беа одржани во Скопје, 23 обуки во Битола, 16 обуки во Штип, седум обуки во Гостивар, додека останатите 30 обуки се одржаа во други градови и места низ Република Македонија (Охрид, Струга, Струмица, Маврово и др.).




## КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ПРОЦЕСНИ ЗАКОНИ

- **ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА**

Во септември 2011 година почнаа да се применуваат измените и дополнувањата на ЗПП, а со тоа Академијата за судии и јавни обвинители продолжи со организирање обуки за имплементација на новините во Законот во вид на работилници, каде што судиите и адвокатите, низ размена на искуства, можеа да ги споделат првите искуства и иницираните прашања од неговата непосредна имплементација во секојдневната пракса.

Веќе од првичната примена на ЗПП, на обуките, но и во праксата, се констатираа неоспорните придобивки од новите процесни решенија, насочени кон поголема процесна дисциплина на сите учесници на постапката, што доведоа до скратување на должината на постапките, овозможување на водењето на постапките во разумен рок, со истовремено почитување на процесните гаранции на странките, што фактички се носители на постапката на докажување и на процесните рокови.

Се спроведоа регионално, по апелациски подрачја, девет работилници за судиите од граѓанските оддели, на тема „Практична имплементација на Законот за парнична постапка“, на кои учествуваа вкупно **348** учесници, од кои 266 судии, 32 судски соработници, 23 адвокати, 11 државни правобранители и петмина претставници од Министерството за внатрешни работи, одделение за судски постапки и имотно-правна заштита.

Покрај тоа, одржани се две работилници за судските службеници со учество на вкупно 44 службеници.

- **ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА**

Академијата за судии и јавни обвинители и во 2012 година продолжува со активностите во однос на новиот Закон за кривична постапка како дел од реформата на казненото право во Република Македонија, чијашто цел е хармонизирање на правните реформи во согласност со стандардите и законите на Европската унија, преку јакнење на улогата на јавниот обвинител, дефинирање на приоритетите во водењето на казнената политика, примена на скратени постапки и вонсудско спогодување за вината и за казната.

Во 2012 година Академијата успешно го заврши проектот за базичните обуки за ЗКП (вкупно 35 базични обуки), активност што поради својата висока професионалност и ефикасност беше оценета како одличен пример за успешност, што е последица на огромната ангажираност на тимовите составени од најискусните предавачи, но и како резултат на активното учество, посветеноста и професионалноста на учесниците. Овие обуки покажаа дека сестраната координација и соработката помеѓу сите чинители, кои во пракса ќе го применуваат законот, предавачи од сите профили: професори, судии и обвинители, адвокати, претставници на МВР, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, секогаш доведуваат до одлични резултати. Несомнено беше значењето и на поддршката што за спроведување на овој проект Академијата ја доби од највисоките институции во правосудството, Врховниот суд на РМ, Јавниот обвинител на РМ, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на РМ, Министерството за правда на РМ, Министерството за внатрешни работи на РМ, Адвокатската комора на РМ, Правниот факултет „Јустинијан Први“, како и на професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители.

**СО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОВОЈ ПРОЕКТ СЕКОЈ СУДИЈА И ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ, КАКО И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И СОВЕТНИЦИ, СЕ СТЕКНАА СО БАЗИЧНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ ЗА ПРИМЕНА НА НОВИОТ ЗКП.**

Заменик-амбасадорот на Амбасадата на САД во Република Македонија, г. Брајан С. Аглер, на завршната конференција за проектот за базичните обуки за ЗКП, изјави дека е уверен дека овие обуки ќе дадат придонес во практичната примена на законот и оти со тоа ќе се унапреди владеењето на правото во корист на граѓаните. „Ова е значаен чекор во напредокот во имплементацијата на Законот за кривична постапка што е значајно не само за придвижувањето на Македонија во исполнувањето на меѓународните стандарди во правото, туку и во унапредувањето на владеењето на правото во корист на граѓаните на Македонија“, рече за медиумите заменик-амбасадорот, г. Брајан С. Аглер.

Со оглед на тоа што Академијата во претходните години спроведе многу сериозни и сеопфатни подготовки за успешно организирање на базичните обуки за новиот ЗКП, следи опсежен и детален извештај за активностите на Академијата што ги презема во 2012 година во насока на успешно оспособување на судиите и јавните обвинители за примена на овој стратешки закон, особено во спроведувањето на базичните обуки и подготвувањето на материјалите за (специјализираните) напредни обуки.

- **<u>БАЗИЧНИ ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА</u>**

Согласно Програмата за спроведување на обуките во насока на новиот закон во 2012 година, одржани се 19 деветнаесет базични обуки во кои се обучени:

– 113 судии кои работат во сите кривични оддели во судовите со проширена и основна надлежност;
– 98 советници и соработници од споменатите судови;
– 76 јавни обвинители од јавните обвинителства со проширена и основна надлежност;
– 39 советници и соработници од споменатите обвинителства;
– 109 адвокати;
– 51 претставник од Центарот за спречување на организиран и сериозен криминал при МВР, 13 од Царинската управа, 11 од Управата за финансиска полиција, вкупно 75 претставници во рамките на правосудната полиција во истражните центри согласно новиот ЗКП;
– 15 претставници од Министерството за правда кои земаа активно учество на обуките.

**Учесници на обуките за новиот Закон за кривична постапка**




- **<u>Изготвени работни материјали за напредните обуки за новиот ЗКП</u>**

Во соработка со Мисијата на ОБСЕ, како резултат на одржаните базични обуки во претходниот период, реализирана е уште една еднодневна Изолациска сесија за комплетирање на конечните забелешки од веќе претходно одржаните 18 базични обуки и беа дадени предлози за напредни модули за обука за новиот Закон за кривична постапка. На оваа сесија учествуваа вкупно 21 учесник: осум судии, седум јавни обвинители и шест други учесници.

Така, како резултат од Изолациската сесија, а врз основа на заклучоците од неа, во тек се подготовка на материјалите за специјализирани модули и тоа по модули и времетраење дизајнирани соодветно за секоја од фазите на кривичната постапка и фокусирани особено на новините во кривичната постапка со целни групи во зависност од модулот:

1. Обуката по посебните модули да биде реализирана според следните модули и следното времетраење:

Модул: Предистражна постапка – со траење од три дена;

Модул: Истражна постапка – со траење од три дена;

Модул: Главна расправа – со траење од три дена;

Модул: Посебни постапки – со траење од два дена;

Модул: Редовни и вонредни правни лекови – во траење од еден ден, реализиран како тркалезна маса.

Реализирана е уште една Заедничка изолациска сесија на сите тимови за комплетирање на работните материјали за специјализираните модули, на која се разгледаа и се финализираа материјалите на формираните тимови на обучувачи. Членовите на работните групи, составени од обучувачите кои ги спроведоа базичните обуки, а со цел создавање и задржување на претходно успешно унифицираната наставна методологија, на наставните техники и методи, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ, изработија прирачници за обучувачите. Изготвените работни материјали за предавачите за новиот ЗКП, што ќе користат единствена методологија согласно секој модул, се редактирани од универзитетските професори од Катедрата за кривично право и криминологија. И понатаму е запазена досегашната успешна методологија согласно која учесниците, со помош на предавачите, во комбинација на кратки презентации и практични вежби, симулации и пишување на процесни акти, беа запознаени со сите суштински измени на концептот на новиот Закон за кривичната постапка.

**Во тек е финализација и на Практикум за примена на ЗКП**, што содржи обрасци и примери за постапување по однос на одредени спорни прашања од примената на новиот ЗКП. Исто така, во практикумот ќе бидат содржани сите теркови на актите што се изработуваат во кривичната постапка.

**Исто така, беше презентирана Збирката на 27 референтни пресуди на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)** во врска со забраната за тортура, со правото на слобода и безбедност на личноста, со правото на правично судење и со правото на почитување на приватниот и семејниот живот, организирана од Академијата за судии и јавни обвинители, во соработка со Амбасадата на САД во Република Македонија, преку програмата ОПДАТ (Канцеларија за развој, помош и обука на јавните обвинители) при Министерството за правда на САД и ИНЛ при Стејт департментот.

- **<u>ПОСЕБНИ ОБУКИ ЗА ЗКП ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ И ЗДРУЖЕНИЕТО НА СУДИИТЕ НА РМ</u>**

Во насока на разработка на одредбите од новиот Закон за кривична постапка беа одржани и следните обуки со меѓународни експерти:

Академијата за судии и јавни обвинители, во соработка со програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД, **организираше обука** за обучувачите за новиот Закон за кривична постапка на која презентери беа сертифицирани инструктори од Националниот институт за вештини во водењето на судски постапки (НИТА) од Чикаго, Илиноис, САД.

Академијата за судии и јавни обвинители и Здружението на јавните обвинители во Република Македонија, во соработка со програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје и со нејзина финансиска поддршка, организираа тридневна обука на тема „Практична примена за спогодување на вината во Македонија“. На неа активно учествуваа 20 јавни обвинители и 16 адвокати.

Втората дводневна обука што исто така ја организираа Академијата за судии и јавни обвинители и Здружението на јавните обвинители во Република Македонија, во соработка со програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје и со нејзина финансиска поддршка, беше на тема „Предизвикот на Институтот за спогодување на вината согласно новиот Закон за кривична постапка“. На неа учествуваа 52 претставници од јавните обвинителства, четворица судии и двајца адвокати.

Организирана е уште една работилница на тема „Предизвикот на Институтот за спогодување на вината“ на која присуствуваа 24 обвинители од јавните обвинителства, 15 судии, шест адвокати, двајца претставници од Министерството за внатрешни работи и еден претставник од Министерството за правда.

За 2013 година предвидено е спроведување на специјализирана обука по посебни модули што ќе биде детализирана според посебна програма.

- **СПЕЦИЈАЛИЗИРАН МОДУЛ НА ОБУКА – ЗА УПРАВНИОТ СУД И ВИШИОТ УПРАВЕН СУД**

**Имплементација на третата компонента на проектот ИПА 2009 – „Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд“**

Зајакнување на стручните способности на вработените во Управниот суд (со осврт на вештините и способностите на судиите, правните соработници и помошниот персонал).

Во рамките на третата компонента беше изготвена Стратегијата за обука на Управниот суд, во која беа вклучени посебни програми за обука на судиите и останатите целни групи, врз основа на кои, во соработка и координација со Академијата, во периодот април 2011-март 2012 година се спроведоа 15 обуки на клучни области од управното право и на општи теми, вклучително повеќедневна специјализирана обука за новоизбраните судии и новопримениот стручен кадар и две студиски посети на правосудни институции во две земји-членки на ЕУ со развиен и добро организиран систем на управно судство.

По почнување со работа на Вишиот управен суд, судиите на овој суд беа континуирано вклучени во едукацијата согласно програмата за обука.

Освен наведените, беа организирани дополнителни обуки (5), од кои две во самостојна организација на Академијата, една во соработка со ОБСЕ, една во соработка со TAIEX и една во соработка со Фондацијата ИРЗ.

По завршување на проектот ИПА, Академијата продолжи со имплементација на Стратегијата и Програмата за обука на управното судство, при што самостојно или во соработка со странски партнери (Фондацијата ИРЗ, USAID, UNHCR), во периодот април-декември 2012 година, беа организирани десет обуки за судиите на Управниот и Вишиот управен суд, што тематски беа посветени на примена на одделни материјални закони од делокругот на надлежностите на управното судство, како и примената на Законот за прекршоци во врска со прекршоците од областа на даночното право, царинското право и други области, а беа опфатени и теми од областа на правото на интелектуална сопственост, правото на бегалците, правото на ЕУ и праксата на Европскиот суд за човекови права од интерес за управното судство.

Имплементацијата ќе продолжи и во 2013 година. Согласно Специјализираниот модул за обука на судиите на Управниот и Вишиот управен суд, што е составен дел на Општата програма за континуирана обука на Академијата, во 2013 година се предвидени 15 посебни теми што ќе бидат предмет на обработка на специјализирани обуки за судиите според областа на управното право во која постапуваат.

## ➢ ОБУКИ ЗА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во текот на 2012 година АСЈО реализираше осум обуки од областа на правото на интелектуална сопственост со вкупно 252 учесници, од кои 218 учесници од правосудството на РМ (174 судии, 28 јавни обвинители, 14 судски соработници, двајца претставници од МП), 17 учесници од други релевантни институции – ДЗИС, ЦУ, ДПИ, МК, СРД и други, и 17 учесници од странство (13 судии, еден судски соработник и тројца претставници од МП). Од наведените обуки, три беа во самостојна организација на АСЈО, две во соработка со Фондацијата ИРЗ, една (Регионален семинар за патентно право) во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС) и Европската патентна академија и една (Регионална конференција за правата од интелектуална сопственост) во соработка со Економската комисија на ОН за Европа (УНЕЦЕ) и Канцеларијата на САД за трговски марки и патенти – УСПТО.

## ➢ ОБУКИ ЗА ЕТИКА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Во извештајниот период Академијата организираше вкупно 14 обуки од областа на етичкиот кодекс на судиите и јавните обвинители, борбата против корупција и спречување судир на интереси, на кои учествуваа вкупно 342 учесници, од кои 192 судии, 119 јавни обвинители и 31 стручен соработник од судовите и обвинителствата:

- На почетокот на 2012 година, беа одржани пет обуки на тема „Антикорупциски мерки“ во соработка со Амбасадата на Велика Британија, на кои учествуваа вкупно 91 учесник, од кои 46 судии, 32 јавни обвинители и 13 стручни соработници од судовите и обвинителствата. Една од обуките претставуваше обука на обучувачи на која учествуваа 11 предавачи на Академијата – пет судии и шест јавни обвинители, додека останатите четири обуки беа децентрализирани и организирани по една во сите четири апелациски подрачја.
- Две од обуките беа на тема „Борба против поткуп и корупција“, организирани во соработка со Државната комисија за спречување корупција, на кои учествуваа вкупно 65 учесници, од кои 33 судии, 29 јавни обвинители и тројца стручни соработници од судовите и обвинителствата, додека пет од обуките, што исто така беа во соработка со Државната комисија за спречување корупција, беа на тема „Судир на интереси (препораки на ГРЕКО)“ и на нив учествуваа вкупно 110 учесници – 59 судии, 38 јавни обвинители и стручен соработник од судовите и обвинителствата.
- На тема „Етика – национално и меѓународно законодавство и меѓународни документи за независно судство“ беа одржани две обуки, на кои учествуваа вкупно 76 учесници, од кои 54 беа судии, 20 јавни обвинители и двајца стручни соработници од судовите и обвинителствата.

Следејќи ги препораките на ГРЕКО (Група држави за борба против корупција) во однос на четвртиот круг на евалуација што се однесува на превенција на корупција на пратениците и на судиите и јавните обвинители, во подготовка на Република Македонија за евалуациска мисија на ГРЕКО, Академијата веќе во Каталогот за обуки на судиите и јавните обвинители за 2013 година предвиде десет обуки од областа на корупцијата, судирот на интереси и етичкиот кодекс на судиите и јавните обвинители:

– пет тркалезни маси на тема „Примена на етичкиот кодекс и превенција на корупцијата/судир на интереси, подароци и други погодности, надворешни активности на судиите, имотни листови, даноците и други релевантни прашања поврзани со четвртиот круг на оцена на ГРЕКО“;

– една обука на тема „Етички кодекс на судиите и адвокатите“;

– една обука на тема „Етички кодекс на судиите и јавните обвинители/Меѓународни документи на Советот на Европа и ОН поврзани со судството“;

– една обука на тема „Етика – национално и меѓународно законодавство и меѓународни документи за независно судство“;

– две обуки во соработка со инструментот TAIEX на ЕУ на тема „Етички кодекс на судиите и јавните обвинители и спречување конфликт на интереси“ и „Борба против корупција и поткуп“.

Исто така, предвидени се обуки од оваа област и во Каталогот за обуки наменети за судските и јавнообвинителските службеници:

– три обуки на тема „Етика и етичко однесување на судските и јавнообвинителските службеници – ризици за корупција“; и

– три обуки на тема „Конфликт на интереси – практична имплементација и препораки на ГРЕКО“.

**Обуки во поглед на најзначајните измени на КЗ од 2009 година – Конфискација на приноси од кривични дела, проширена конфискација и одговорност на правни лица**

Во текот на извештајниот период Академијата организираше вкупно 22 обуки за најзначајните измени на Кривичниот законик од 2009 година, на кои учествуваа вкупно 568 учесници. Поточно, беа одржани:

– осум обуки посветени за конфискација на приноси од кривични дела, проширена конфискација и одговорност на правните лица, на кои учествуваа вкупно 168 учесници, од кои 82 судии, 71 јавен обвинител, шест стручни соработници од судовите и обвинителствата и девет други учесници – претставници на други релевантни институции (Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии, Управа за јавни приходи и др.);

– една обука на тема „Кривични дела против културно наследство и природни реткости“ на која учествуваа 19 учесници, од кои 13 судии, пет јавни обвинители и еден стручен соработник од обвинителството;

– две обуки на тема „Перење пари и даночно затајување“ на кои учествуваа вкупно 92 учесници, од кои 41 судија, 46 јавни обвинители, двајца стручни соработници од судовите и тројца претставници од Управата за јавни приходи;

– две обуки на тема „Поткуп преку концептот на службено лице“ на кои учествуваа вкупно 65 учесници, од кои 33 судии, 29 јавни обвинители, двајца стручни соработници од судовите и еден стручен соработник од обвинителството;

– три обуки на тема „Борба против трговија со дрога и неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ на кои учествуваа вкупно 82 учесници, од кои 62 судии и 20 јавни обвинители;

– една обука на тема „Трговија со луѓе и шверц со мигранти/Трговија со човечки органи“ на која учествуваа вкупно 40 учесници, од кои 11 беа судии, 23 јавни обвинители, еден стручен соработник од судовите, тројца претставници од Министерството за правда и двајца претставници од Министерството за внатрешни работи;

– пет обуки на тема „Компјутерски криминал“ на кои учествува вкупно 102 учесници, од кои 36 судии, 35 јавни обвинители, четворица стручни соработници од судовите, тројца стручни соработници од обвинителствата и 24 други учесници, претставници од други релевантни институции.

- **ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

**Обуки за примена на член 10 од ЕКЧП – слобода на изразување**

Од областа на примена на член 10 од ЕКЧП, Академијата организираше вкупно шест обуки, на кои учествуваа вкупно 204 учесници (135 судии, 38 јавни обвинители, десет стручни соработници од судовите и обвинителствата, десет новинари и 11 други учесници-претставници на други релевантни институции) на следниве теми:

– една тркалезна маса на тема „Судската пракса во врска со кривичните дела против честа и угледот/Осврт на праксата на ЕСЧП во поглед на примената на член 10 од ЕКЧП“, чијашто цел беше запознавање на медиумите и на судството со најновите документи на Советот на Европа и осврт на праксата на случаите во врска со кривичните дела клевета и навреда, сторени преку медиумите, со краток приказ на праксата на ЕСЧП преку развојот на стандардите поврзани со имплементацијата на член 10 од ЕСЧП и степенот на нивната имплементација во домашната пракса во поглед на постапувањето на судиите и постапувањето на новинарите во врска со практикувањето на слободата на изразувањето и информирањето;

– една национална конференција финансирана од Советот на Европа на тема „Имплементација на член 8 и член 10 од ЕКЧП“; и

– пет обуки на тема „Член 10 од ЕКЧП“ на коишто, покрај најновите документи на Советот на Европа поврзани со судството и медиумите, беа презентирани голем број случаи од праксата на ЕСЧП поврзани со примената на член 10 од ЕКЧП, а беше направена и анализа на начинот на досудување надомест на штета при повреда на честа и угледот.

Преку системот на е-учење, поставен е посебен курс/модул за член 10 од ЕКЧП, што вклучува материјали за обука и преведени пресуди на ЕСЧП, како и референтни линкови од датабазата HUDOC на ЕСЧП.

- **<u>СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА НОВОИЗБРАНИТЕ СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ</u>**

Во рамките на Специјализиранaта програма за обука на новоизбрани судии и јавни обвинители спроведени се три обуки: модул „Граѓанско право“ за 12 новоизбрани граѓански судии, модул „Казнено право“ за 19 учесници (седум јавни обвинители и 12 судии од кривичните и прекршочните оддели) и обука на „Општи теми“ за 44 новоизбрани судии и јавни обвинители (23 судии во основните судови, 20 јавни обвинители во основните јавни обвинителства и еден новоизбран обвинител во Вишото јавно обвинителство).

- **<u>ОБУКИ ЗА ОБУЧУВАЧИ</u>**

Во текот на 2012 година организирани се вкупно шест обуки за обучувачи, од кои една обука е во самостојна организација на Академијата, а останатите пет се во соработка со ОПДАТ, Амбасадата на Велика Британија, Советот на Европа, ЕПИ и ОБСЕ. Обуките се однесуваа на следните теми: Вештини на судско застапување според новиот ЗКП, Конфискација, Компјутерски криминал, Медијација, Антидискриминација и општа обука за методи и техники на презентирање. Обуките ги посетиле вкупно 90 учесници.

- **<u>ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ОБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ</u>**

Согласно Програмата и Каталогот за обука на судските и обвинителските службеници, во 2012 година спроведени се вкупно 21 обука наменети за судските и обвинителските службеници на следниве теми:

– Работа во програмата АКМИС;
– Измени на Законот за судска служба;
– Слободен пристап до информации од јавен карактер, заштита на лични податоци;
– Обука за измените по Законот за парнична постапка;
– Оценување на судските службеници;
– Антикорупциски мерки и етика во судската и јавнообвинителската служба;
– Постапка за вработување, оценување и дисциплинска одговорност на судските службеници;
– Етички прашања и професионална одговорност за работењето на судовите и јавните обвинителства;
– Судир на интереси, практична имплементација – препораки на ГРЕКО;
– Измени на Судскиот деловник и негова примена;
– Внес на основни средства во системот АМБС;
– Оценување и одговорност на судските и обвинителските службеници.


Учесници на обуките за службеници
Вкупно 433
судски службеници - 413
стручни соработници од обвинителствата - 19
Комисија за заштита на правото на слободен пристап - 1
5%
1%
94%

## VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

И во 2012 година Академијата ја продолжи успешната соработка со домашни органи, организации и други институции и здруженија. Во таа насока, а поради реализација на приоритетите предвидени со програмата на Владата на Република Македонија – НПАА, продолжи соработката со Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, како и со Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, како и со другите министерства, државни органи и институции. На планот на организација на заеднички обуки, Академијата ја продолжи успешната соработка и со Здружението на судиите на Република Македонија, Здружението на јавните обвинители, Здружението на судската администрација, Советот за судската служба, Здружението за кривично право и криминологија, Адвокатската комора, правните факултети, Центарот за обука при МВР на РМ, Полициската академија, Институтот за судска медицина и криминалистика, Заводот за индустриска сопственост, Државната комисија за спречување корупција, коморите на нотарите, извршителите и медијаторите во поглед на организирање на заеднички обуки поради унапредување на знаењата, размена на искуства и зацврстување на соработката меѓу овие целни групи и судиите и јавните обвинители.

Со ваквиот мултидисциплинарен пристап се обезбедува поголема поддршка и вклученост на сите органи, организации и институции и цивилното општество со допирни точки со правосудството во успешна реализација на правосудните реформи.

**<u>ПРОЕКТИ СО КОИШТО СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2012 ГОДИНА</u>**

Академијата во 2012 година оствари успешна соработка со подолунаведените странски проекти, со чијашто техничка и финансиска поддршка организира бројни работилници, тркалезни маси, семинари, студиски престои и слично, а прикажани се како што следи:

**– Проектот на Управниот суд за користење средства од фондовите ИПА;**

**– Инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската комисија – TAIEX;**

**– ЕИПА;**

**– Проектот „За македонската судска пракса“ за јакнење на капацитетите на македонското судство (МАТРА);**

**– Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ;**

**– UNHCR;**

**– Советот на Европа;**

**– Амбасадата на САД во Република Македонија – ОПДАТ;**

**– USAID/DPK;**

**– УСАИД (USAID);**

**– Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – Одделот за владеење на правото;**

**– Проектот со Амбасадата на Велика Британија за конфискација;**

**– УНДП и Амбасадата на Кралството Холандија – семејно насилство;**

**– Проектот со Амбасадата на Р. Франција и со Државна Академија за правосудствона Р. Франција;**

**– Проектот со ЛТП за изработка на психолошки тестови.**

- **ПРОЕКТ „ЗА МАКЕДОНСКАТА СУДСКА ПРАКСА“ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО (МАТРА)**

Во втората половина на 2010 година **Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија**, во соработка со **Центарот за меѓународна правна соработка (ЦЛЦ) од Кралството Холандија**, почна со реализација на проектот наменет за јакнење на капацитетите на македонското судство преку подобрување на користењето на судската пракса како дополнителен извор на правото. Финансиска поддршка за реализација на овој проект обезбеди Кралството Холандија. Главна цел на проектот е да се зајакне владеењето на правото во Република Македонија и на тој начин да се добие поефикасен судски систем.

Проектот содржи три компоненти со кои се предвидени низа активности што ќе придонесат за подобрување и зајакнување на улогата и користењето на судската пракса во домашниот правен систем; ќе се зголеми свеста за улогата на судската пракса како дополнителен извор и ќе се подобрат пристапот и употребата на домашната и меѓународната судска пракса.

Реализацијата на проектот се одвива во временски период од три години, а се спроведува преку организација на семинари, работилници, студиски патувања, креирање бази на податоци за македонската судска пракса и збирка на релевантни судски одлуки.

Проектните активности во 2012 година беа насочени, пред сè, кон селекција на релевантните одлуки на ЕСЧП против други држави од страна на холандски експерт. Како резултат на оваа компонента, до крајот на годината беа преведени 20 од вкупно 28 релевантни судски одлуки што веќе од март 2013 година ќе бидат достапни на порталот за судска пракса како составен дел на веб-страницата на Врховниот суд на РМ. Исто така, Врховниот суд донесе Одлука за формирање на редакциски одбор што ќе биде главен филтер за селекција на домашната судска пракса, во кој учествуваат претставници на сите четири апелациски подрачја, на Врховниот суд и на Академијата за судии и јавни обвинители.

Исто така, во текот на ноември 2012 година беше одржан и дводневен семинар посветен на судската пракса на Европскиот суд на правдата во Луксембург, на којшто присуствуваа 30 судии и јавни обвинители, а предавачи беа реномирани холандски

експерти – еден судија на Врховниот суд на Кралството Холандија и еден претседател на Вишиот суд за индустриски и трговски спорови.

Со успешната реализација на овој проект се очекува голем чекор напред на македонското судство во остварувањето на критериумите што се дел од процесот на реформите на правосудниот систем на Република Македонија, што, пак, од своја страна претставуваат еден од главните услови за влез на нашата држава во Европската унија.

- **ПРОЕКТ „ПОДДРШКА НА АНТИКОРУПЦИСКИ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ – КОНФИСКАЦИЈА НА ПРОТИВПРАВНО СТЕКНАТ ИМОТ“ – ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО**

Во рамките на успешно воспоставената соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Амбасадата на Обединетото Кралство и Северна Ирска, на 17 август 2011 година беше потпишан договор помеѓу директорот на Академијата за судии и јавни обвинители и амбасадорот на Обединетото Кралство и Северна Ирска, Н.Е. Кристофер Ивон, за реализација на проектот „Поддршка за спроведување на антикорупциските мерки и политики“, чијашто целосна реализација заврши на 31 март 2012 година.

Проектот беше реализиран преку спроведување низа обуки посветени на имплементацијата на антикорупциските мерки и политики. Проектот имаше цел да придонесе кон зголемување на ефикасноста во борбата против корупцијата и организираниот криминал преку практична примена на новините во Кривичниот законик и подобрување на превенцијата од коруптивни активности на сите инволвирани субјекти во државната администрација.

На 12 септември 2012 година во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, директорот г-ѓа Анета Арнаудовска одржа и работен состанок со заменик-амбасадорот на Обединетото Кралство, г-ѓа Кристин Винтербурн, при што беа разгледани и идни можности за нови проекти од областа на корупцијата и организираниот криминал, како одговор на барањата за креирање на нова стратегија за поефикасна борба и превенција од корупција.

- **НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ – ОДДЕЛОТ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО**

Мисијата на ОБСЕ во Скопје – Одделот за владеење на правото, во текот на изминатите неколку години ја поддржуваше Академијата за судии и јавни обвинители (понатаму Академијата) во насока на понатамошен развој на ефективни и одржливи механизми за владеење на правото во согласност со принципите на ОБСЕ и меѓународните обврски на земјата преку имплементација на проекти што го зајакнуваат владеењето на правото, ја поттикнуваат независноста на правосудството и го зголемуваат професионалното ниво на правните експерти. Помеѓу најважните области се следните:

✓ Мисијата на ОБСЕ ја поддржува Академијата во развивање и спроведување обуки за практичарите на правото за новиот Закон за кривична постапка. Мисијата на ОБСЕ обезбеди поддршка и на работните групи задолжени за креирање материјали за новиот ЗКП наменети за обуки за основно и напредно ниво; исто така даде значителна техничка

поддршка на Академијата и за обуките наменети за едукаторите за новите адверзијални концепти на постапката, вклучувајќи и една студиска посета во странство; а воедно обезбеди и специјализирана литература за практичарите на новиот ЗКП со сите потребни алатки, со цел да се разберат новите правни измени што треба да се случат итн. Во 2011 и 2012 година, следејќи го двегодишниот план за обуки на Академијата, Одделот за владеење на правото во соработка со Канцеларијата на Обвинителскиот оддел за странство, помош и поддршка (US/DOJ, OPDAT, поврзани со Амбасадата на САД во земјата-домаќин), даде поддршка на Академијата во спроведување на 35 четиридневни обуки, вклучувајќи повеќе од 880 практичари на правото (судии, јавни обвинители, адвокати, полициски службеници, судски соработници и кандидати за идни судии и јавни обвинители). Процесните гаранции се суштински чекор кон ефикасно, ефективно и независно судство; за таа цел програмата ќе продолжи со испраќање на суштински придонес во смисла на проширување на идни обуки.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје соработуваше со Академијата на проекти чијашто цел беше зајакнување на капацитетите на националните практичари на правото во спроведување на ефикасна борба против сите форми на сериозен криминал, особено корпоративниот криминал. Во оваа насока, во 2010 година, Одделот за владеење на правото (RoLD) имплементираше проект за „Конфискација на имот“, поддржувајќи ја изработката на правни материјали во форма на прирачник и тренинг-модули за судиите и јавните обвинители посветени на оваа тема. Проектот изработи и правни водичи, национални и меѓународни, за употребата на новите мерки: замрзнување, заплена и конфискација на имот. Овие активности беа тестирани преку обуките за обучувачи во Академијата во 2011 година. Истиот модел следеше во проектот „Кривична одговорност на правните лица“, што беше резултат на соработката помеѓу Мисијата на ОБСЕ и Академијата во 2011 година. Прирачникот и тренинг-модулите за судиите и јавните обвинители беа реализирани и со вклучување на меѓународни експерти. Во 2012 година, со цел да се обезбеди нивна ефективна имплементација и трансфер до целните групи, оваа активност беше проследена со дводневна обука наменета за едукаторите, што се одржа во 2012 година. Сите материјали беа доставени до Академијата како официјална институција одговорна за континуираната обука, чијашто цел е да обезбеди постојан и долгорочен трансфер на знаења на идните генерации практичари на правото.

Уште еден сегмент што го поддржува Мисијата на ОБСЕ е и поддршката на механизмите за антидискриминација. Одделот за владеење на правото (RoLD) во стратегиско партнерство со Академијата го имплементира проектот за заштита од дискриминација, криминалот од пристрасност и феноменот говор на омраза. Во 2011 година, активностите беа фокусирани во насока на јакнење на капацитетите на практичарите на правото во областа на недискриминацијата. Еден модул за едукација на правосудството за антидискриминација како концепт беше тестиран подоцна, низ обуки што се спроведоа во Академијата, каде што во рамките на целната група беа вклучени и кандидатите од Академијата (идни судии и јавни обвинители). Активностите во 2012 година вклучија и издавање прирачник, што беше изготвен минатата година. Проширувањето на знаења беше постигнато преку обуката за едукатори (за правосудството) проследена со две обуки од областа на антидискриминација. Како резултат на оваа соработка, во 2012 година беше организирана една обука на обучувачи со

вкупно 12 учесници, коишто понатаму, во текот на септември, беа дел од тимот на едукатори што извршија обука на вкупно 60 учесници од сите четири апелациски подрачја. Едукаторите во нивната работа беа менторирани од страна на Академијата и Мисијата на ОБСЕ и тие претставуваат добра основа за развивање на програмата за обука во текот на 2013 и 2014 година. Овие напори се изградени во 2009 година во рамките на проектот на ОВП, во кој беа развиени модулите за Конвенцијата на ОН за елиминација на дискриминацијата против жените и нејзиниот основен протокол, како и националната правна рамка во областа на еднаквоста на половите, што е суштинска за справување со случаите за дискриминација засновани на половата нееднаквост во согласност со меѓународните стандарди и домашната легислатива. Модулот беше изготвен за Академијата. Мисијата на ОБСЕ поддржа обуки за 120 практичари на правото, вклучувајќи судии и јавни обвинители во рамките на овој модул. Во прилог, ОВП, во неколку наврати, соработуваше со Академијата при организација на регионални и меѓународни конференции, на кои се дискутираше за феноменологијата на говорот на омраза и криминалот од пристрасност. Анализите што се развија во рамките на проектот, имплементиран во соработката помеѓу двете институции, беа разгледани на две јавни дебати од кои произлегоа препораки за ефективно справување со криминалот од пристрасност и феноменот говор на омраза.

Во рамките на соработката на Академијата со Мисијата на ОБСЕ и Македонската академија на науките и уметностите, беше одбележан и 16 ноември, Меѓународниот ден на толеранцијата, со еднодневна конференција посветена на најновите општествени предизвици и значењето на говорот на омраза како негативна појава во нашето општество. На овој настан, покрај судии и јавни обвинители, присуствуваа претставници на речиси сите општествени сфери на живеењето, вклучувајќи и новинари, политичари, професори, претставници на верските заедници и сл. Сите партнери на оваа активност беа едногласни дека „борбата“ против овој општествен феномен треба да продолжи со уште поголеми напори и дека одбележувањето на овој ден треба да премине во традиција.

Во изминатите неколку години Одделот за владеење на правото ја поддржува Академијата и во промоцијата на вредностите опфатени со Европската конвенција за човекови права (ECHR), како и во обновувањето на својата посветност кон почитување на заштитата на фундаменталните права и слободи на своите граѓани. Напорите резултираа и со издавање на две публикации: „Меѓународни документи за независно и ефикасно судство – Мислење (1-6) на Советодавниот совет на европските судии со референтни документи и судска пракса на ЕКЧП“ и „Меѓународни документи за независно и ефикасно судство – Мислење (7-12) на Советодавниот совет на европските судии со референтни документи и судска пракса на ЕКЧП“. Публикациите беа дистрибуирани до претставниците на правосудството во рамките на промоцијата на работата на Советодавниот совет на европските судии (CCJE) и клучните принципи што ова тело ги посочи како есенцијални во јакнењето на независноста, непристрасноста и ефикасноста на судиите. Мисијата на ОБСЕ во Скопје и во иднина ќе продолжи да ја поддржува Академијата во оваа област со печатење на третиот том на меѓународни документи, што во меѓувреме се усвоени.

- **<u>ПРОГРАМАТА ОПДАТ ПРИ АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА</u>**

Во изминатиот период програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје и Академијата за судии и јавни обвинители реализираа широк спектар програми за јакнење на капацитетите на правните практичари во Република Македонија.

Комплетирање на програмата НИТА (Национален институт за вештини на водење на постапката од САД) во јануари 2012 година, каде што обучувачите за новиот Закон за кривична постапка успешно ја минаа оваа програма и се стекнаа со сертификати на НИТА – инструктори за институтите како воведен говор, завршни зборови, директно и вкрстено испитување.

Реализација на девет базични обуки за новиот ЗКП во 2012 година.

Во соработка со Македонското здружение на новинарите и Здружението на јавните обвинители, ОПДАТ и Академијата реализираа две работилници за зајакнување на соработката меѓу новинарите и обвинителите, првата во декември 2011 година, насловена „Соработувајќи со медиумите“, втората во јуни 2012 година, насловена „Да ги почитуваме црвените линии“, со гостинот-предавач Патриција Хартман, специјалист за односи со јавност при јавното обвинителство во Пенсилванија, САД.

Публикација на Збирка со референтни пресуди за членовите 3, 5, 6 и 8 од ЕКЧП на Европскиот суд за човекови права и презентација на книгата на конференција на трети октомври 2012 година во Скопје. Книгата е дистрибуирана до сите јавни обвинителства и судии и останати релевантни институции.



Во соработка со Здружението на јавни обвинители, ОПДАТ и Академијата реализираа програма со јавното обвинителство од Северна Каролина, САД, за улогата на јавните обвинители во акузаторната постапка. Во рамките на оваа програма се реализираа три работилници во Битола, Скопје и Штип со јавниот обвинител Јил Роуз од Северна Каролина, САД.

ОПДАТ, Академијата и Здружението на јавни обвинители во јануари 2012 година ја презентираа програмата за борба против финансиски и компјутерски криминал со двајца јавни обвинители од Тексас, САД.

Во јуни, септември и октомври 2012 година ОПДАТ, Академијата и Здружението на јавни обвинители почнаа со реализација на програмата „Институт за спогодување на вината како предизвик согласно новиот ЗКП“, на обвинители, но и на судии и адвокати. На овие настани се обезбедија и регионални искуства од Србија и Бугарија, но и од САД, со учество на федералниот судија Луис Гирола од Мисисипи, САД.

Во тек се подготовки за следни настани за спогодување на вината, напредни обуки за ЗКП, техники на испитување, развој на систем на партнерство меѓу судиите на Македонија и САД, обуки во врска со одредени кривични дела од КЗ итн.

- **<u>СОРАБОТКАТА СО УСАИД</u>**

Во ноември 2012 година, Академијата, во соработка со проектот на УСАИД за јакнење на судството и проектот на УСАИД за унапредување на инвестирањето и извозот, организираше тркалезна маса на тема „Детектирање на потребите за континуирана едукација на судиите во областа на трговското право“, со учество на претставници на судството (13 судии од одделите за трговски спорови од сите инстанции), бизнис-заедницата (13 претставници од стопанските комори), адвокатурата (осум адвокати) и универзитетски професори од областа, со цел да се дефинираат најактуелните теми од областа на трговското право што ќе бидат вклучени во годишниот каталог на активности во рамките на континуираната обука на судиите и јавните обвинители за 2013 година.

Овој настан е значаен затоа што за првпат судиите кои постапуваат во трговски спорови, и тоа судии на Врховниот суд на Република Македонија, на апелациските и основните судови, заедно со репрезентите на стопанството на Република Македонија – претставниците на стопанските комори (Стопанска комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Организација на работодавачи, Бизнис-конфедерација на Македонија и Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ), како и претставниците на адвокатските друштва и канцеларии што се јавуваат како застапници на интересите на субјектите во трговските спорови, се вклучија во детектирањето на актуелни теми од областа на трговското работење што ќе бидат предмет на обработка на семинари и тркалезни маси во рамките на Програмата за континуираната обука на судиите во 2013 година.

Имајќи предвид дека судската постапка несомнено има одраз врз бизнис-климата, едукацијата од областа на трговското право ќе придонесе за ефикасно и ефективно решавање на трговските спорови, што ќе значи соодветна заштита на деловните односи и ќе придонесе за јакнење на довербата во судскиот систем и за деловно опкружување што ќе овозможи конкурентност на пазарот, зголемување на инвестициите и економски развој. За таа цел, Академијата во 2013 година става посебен акцент на обуките од областа на трговското право, што делумно ќе се реализираат во соработка со проектот на УСАИД за јакнење на судството и со негова финансиска поддршка.

Соработката со проектот на УСАИД за јакнење на судството во 2013 година ќе опфати и две обуки за управување со движењето на предметите, една обука за примена на Законот за парнична постапка и една обука за претседателите на судовите и судските администратори за менаџирањето со судовите. Покрај тоа, овој проект ќе соработува со

Академијата за организирање на четири работни средби за хармонизација на судската пракса во граѓанската област, за судиите од граѓанските оддели на апелациските судови.

- **<u>ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА – ИРЗ</u>**

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ, и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, реализира вкупно четири обуки на следните теми: Права од индустриска сопственост, трговска марка/индустриски дизајн; Спорови што произлегуваат од стечајната постапка; Примена на Законот за јавните набавки и Националното даночно право и европските влијанија.

**АКАДЕМИЈАТА ОСТВАРИ ОДЛИЧНА СОРАБОТКА СО ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ПОМОШ – ИРЗ. ПО ПОВОД 20-ГОДИШНИНАТА ОД ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ПОМОШ, ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ИМ ПОДАРИ ПЛАКЕТА, А ВО НИВНАТА КНИГА ПО ПОВОД ГОДИШНИНАТА ИЗЛЕЗЕ НАПИС ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА НАШАТА УСПЕШНА СОРАБОТКА.**

- **<u>УНДП И АМБАСАДАТА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА – СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО</u>**

Во текот на 2012 година, Академијата, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика и УНДП и со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, изготви и промовира „Практикум за постапување во случаи на семејно насилство“, што е дел од низата активности што беа спроведени во рамките на проектот на ОН, наменет за зајакнување на институционалните капацитети за спречување на семејното насилство во рамки на кои беа одржани осум работилници со кои беа опфатени полициски службеници кои постапуваат во случаи на семејно насилство од целата земја.

Изработката на овој практикум беше резултат на размена на мислења и практични искуства од областа на семејното насилство, а со цел да се утврдат најдобрите практики за намалување и спречување на семејното насилство, да се посочат превентивните активности што водат кон заштита на жртвите на семејното насилство, активности со кои ќе се подигне свеста кај граѓаните за семејното насилство, што истовремено ќе придонесат за зголемување на довербата на граѓаните во надлежните институции.



# IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ➢ СТУДИСКИ ПОСЕТИ

Во доменот на меѓународната соработка, Академијата интензивно е вклучена во организација на тренинг-активности со повеќе проекти, се интензивира соработката со школите за правосудна обука од други држави во разни сегменти, а со некои од нив соработката е официјализирана со потпишување меморандум за соработка.

Продолжи и праксата на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители, како и претставници на органите и стручната служба на Академијата, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Македонија на студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции во странство.

Во текот на 2012 година, Академијата реализира вкупно 25 студиски посети во странство со учество на вкупно 91 учесник, од кои:




## ➢ ОБУКИ ВО СОРАБОТКА СО ИНСТРУМЕНТОТ TAIEX ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПРИ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Академијата ја продолжи плодната соработка со инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската унија во поглед на организирање обуки од областа на правото на ЕУ и меѓународното право. Во соработка со инструментот TAIEX и со негова финансиска поддршка беа одржани девет дводневни обуки на следниве теми:

– Конкурентно право во ЕУ;
– Парнична постапка во ЕУ;
– Стечајна постапка во ЕУ;
– Заштита на животната средина во ЕУ;
– Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот – притвор;
– Судска соработка во кривична материја;

– Обука за зајакнување на капацитетите на Академијата;
– Улогата на јавниот обвинител и правосудната полиција во текот на кривичната постапка;
– Раководење со суд и менаџирање со буџет; и
– Семејно насилство.

Во текот на 2012 година беа одобрени сите апликации TAIEX поднесени од страна на Академијата поради техничка помош при организирање на одредени обуки што ќе се одржат во текот на 2013 година на следниве теми:

– Трговија со луѓе и шверц со мигранти;
– Етика на судиите и јавните обвинители / Спречување конфликт на интереси;
– Борба против корупција / Корупција во постапките за јавни набавки;
– Конфискација на приноси од кривични дела / Улогата на органите надлежни за управување со конфискуван имот;
– Економски и финансиски криминал – перење пари;
– Борба против тероризам; како и
– Регионална конференција за азил и миграција.

## ➢ **<u>МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА</u>**

Во февруари 2012 година, како резултат на успешно воспоставената соработка, се потпиша нов тригодишен меморандум за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија. Целта на потпишувањето на овој меморандум е унапредување на понатамошната француско-македонска соработка во областа на обуката на судии и јавни обвинители во следниве насоки:

– Продолжување на соработката меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Државната Академија за правосудство (ЕНМ) на Република Франција на полето на почетната обука, што може да се развива преку различни форми, како што се:

  – Обука на едукатори и лица одговорни за практична обука спроведена од страна на едукатори и лица одговорни за практична обука од ЕНМ.
  – Партиципација во студиската посета на група едукатори и лица одговорни за практична обука од Академијата на ЕНМ во Бордо.
  – Студиска посета за кандидатите на Академијата со цел поминување на фазата на практична обука во ЕНМ.
  – Партиципација на кандидатите на Академијата на меѓународни натпревари за почетна обука и други видови настани во Франција посветени на почетната обука.
  – Превод на материјалите на ЕНМ за обука на полето на правото на ЕУ и меѓународното право, како и превод на други релевантни судски документи од полето на почетната обука.

– Продолжување на соработката меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Државната Академија за правосудство (ЕНМ) на Република Франција на полето на континуираната обука;
– Среднорочна студиска посета за млади судии и обвинители во Европскиот суд за човекови права во Стразбур;

– Обуки наменети за зајакнување на капацитетите на управното судство во Република Македонија.

Значајна придобивка од активностите во рамките на почетната обука е можноста за изучување на францускиот јазик, со цел негување и унапредување на франкофонијата во РМ. Реализацијата на оваа активност Академијата ја почна во средината на септември 2012 година, при што беа формирани групи слушатели од правосудството, три на почетно ниво и една група – напредно ниво, со вкупно 40 слушатели.

Во периодот јули-декември 2012 година Академијата беше домаќин на повеќе делегации во чијшто состав беа француски експерти, координатори за обуки од ЕНМ, како и кандидати од почетната обука на ЕНМ (двајца кандидати од почетна обука – ЕНМ во март; двајца експерти – петти јули; еден регионален координатор за обука на 22 октомври, еден координатор за обука и тројца кандидати во почетна ЕНМ на 12 ноември, двајца координатори за обука – ЕНМ на 17 декември).



- **ЕКОНОМСКАТА КОМИСИЈА НА ОН ЗА ЕВРОПА (UNECE) И КАНЦЕЛАРИЈАТА НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ЗА ПАТЕНТИ И ТРГОВСКИ МАРКИ (USPTO)**

Академијата за судии и јавни обвинители, во соработка со Економската комисија на ОН за Европа (UNECE) и Канцеларијата на Соединетите Американски Држави за патенти и трговски марки (USPTO), во текот на 2012 година реализираа Регионална конференција за одбрани прашања од областа на интелектуалната сопственост – Вреднување, конкуренција, антитруст, на којашто учествуваа вкупно 37 учесници, од кои 23 претставници на правосудството на Република Македонија и 14 други учесници – претставници на

национални институции вклучени во системот на заштитата на правата од ИС и учесници од странство.

- **ЕВРОПСКАТА ПАТЕНТНА АКАДЕМИЈА**

Исто така, од особено значење за Академијата е соработката со Европската патентна Академија, во рамки на која беше реализиран регионален семинар од областа на патентното право, организиран во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост, на тема „Оспорување на правото на патент и постапки“, на кој учествуваа вкупно 31 учесник – 16 претставници од правосудството на Р. Македонија, од кои 15 судии, еден јавен обвинител и еден раководен државен службеник од Министерството за правда и 14 учесници од странство, од кои четири судии од Албанија, четири судии од Србија, по еден судија од Бугарија, Холандија, Романија, Словачка и Словенија и еден претставник на Министерството за правда на Турција. Излагачи на семинарот беа седум меѓународни експерти од областа на правото на интелектуална сопственост и еден национален експерт – претставник на Државниот завод за индустриска сопственост. Исто така, во рамките на оваа соработка Академијата номинира четири судии да присуствуваат на четири студиски посети во странство во организација на Европската патентна организација од Минхен.

- **ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕИПА**

Академијата и Европскиот центар за судии и правници, Европски институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, во рамките на проектот за техничка помош на Луксембург за Република Македонија, „Правото на ЕУ за правосудството“, во текот на 2012 година реализираа вкупно две обуки посветени на правото на ЕУ со експерти на ЕИПА, што ги посетија вкупно 50 учесници. Првата обука беше на тема „Заштита на правото на потрошувачите“, втората обука беше на тема „Квалитет на правдата“. Целта на втората обука беше тристрана: прво, да ги истражи барањата од една земја-кандидат за пристап кон ЕУ со посебен осврт врз улогата и одговорностите на правосудството во овој поглед. Второ, да се дискутира за воведувањето на целосното управување со квалитетот (Total Quality Managment – TQM) во правосудниот сектор и да се инспирираат учесниците со конкретни иницијативи кон разгледување на имплементација во нивните судови/правосудни органи и да се информираат за поддршката што можат да ја добијат од страна на ресурсниот центар на ЕИПА за CAF – заедничка рамка за оценување. И трето, да се дискутира за тоа како рамноправниот пристап до правдата може да се документира со оглед на една јавност што сè повеќе бара, со особен осврт врз комуникациските стратегии.

Исто така, новина во поглед на соработката со Европскиот институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, е тоа што од 2012 година Академијата за судии и јавни обвинители, со цел за размена на искуства помеѓу судиите и јавните обвинители од регионот, почна со организација на заеднички настани со Хрватската правосудна академија. Во рамките на таа соработка беше реализирана една обука на тема „Меѓународна соработка во кривична материја“, на која домаќин беше Хрватската правосудна академија и на неа присуствуваа 12 учесници од Република Македонија. Во

почетокот на 2013 година планирано е одржување на иста таква обука на тема „Меѓународна соработка во граѓанска материја“, на која домаќин ќе биде Академијата за судии и јавни обвинители во Република Македонија.

Исто така, од особено значење во рамките на соработката на Академијата со Европскиот центар за судии и правници, Европски институт за јавна администрација (ЕИПА), Луксембург, е тоа што како резултат на успешната соработка, Академијата веќе неколку години номинира учесници на семинари во рамките на Каталогот на активности на ЕИПА, отворен за учество на учесници од други држави.

- **<u>РЕГИОНАЛНА АНТИКОРУПЦИСКА ИНИЦИЈАТИВА</u>**

Во рамките на соработката со овој проект, што е од особено значење за развој на капацитетите на правосудството на РМ за успешно препознавање, детектирање, докажување, гонење и пресудување на случаите на корупција, Академијата, која во 2009 година беше домаќин на летната школа, како и во изминатите години, така и оваа година номинира тројца учесници (двајца јавни обвинители и еден судија) да присуствуваат на две летни школи што се одржаа во Будва и Опатија. Исто така, како резултат на оваа соработка Академијата номинира двајца предавачи на Академијата (еден судија и еден јавен обвинител) да присуствуваат на конференцијата посветена на тренинг-центрите за судии и јавни обвинители од регионот, што се одржа во Бугарија.

- **<u>СОРАБОТКА СО ПРАВОСУДНАТА АКАДЕМИЈА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА</u>**

Во рамките на традиционално добрите односи помеѓу Република Македонија и Република Турција, а посебно во рамките на успешно воспоставената соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Правосудната академија на Република Турција, во правец на интензивна реализација на активностите содржани во склучениот меморандум за соработка помеѓу двете академии, во периодот од 19 март до 23 март 2012 година, делегација од правосудството на Република Македонија оствари официјална посета на Република Турција.

Соработката ќе продолжи засилено и во 2013 година со организирање на студиски посети, размена на тренери и учесници на обуките и размена на материјали и книги.

# X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Во текот на 2012 година целосно е ставен во функција новиот софтверски систем за управување со процесите – системот АСЈО, што содржи повеќе модули:

– Управување со внатрешните процеси и активности на Академијата;

– Интернет-базиран систем за организација на содржина поради креирање на интернет-локацијата на Академијата за судии и јавни обвинители – овој софтвер ќе ја обезбеди неопходната функционалност за лесно и едноставно секојдневно одржување и ажурирање на содржините на интернет-локацијата, како и лесно поврзување со другите интерни софтверски системи (софтверот за управување со курсевите и обуките, софтверот за електронско учење, софтверот на библиотеката итн.); и

– Софтвер за електронска архива – претставува систем за автоматизација на деловодно и архивско работење, што вклучува канцелариско и архивско работење (е-деловодник), автоматско скенирање во е-деловодник, како и електронска дистрибуција на архивирани документи.




Редизајнот на веб-страницата е исто така предвиден во рамките на четвртата компонента од проектот ИПА. Изработен е сосема нов веб-портал што е работен во ASP.NET. Framework 3.5 базите се работени во MS SQL 2008. Новата веб-страница има нов интерфејс и многу нови алатки, а исто така ќе овозможи и постирање на поголем број на нови информации со што ќе се придонесе за поголема транспарентност во работењето на Академијата.

**Статистика на посетеноста на новиот веб-портал на Академијата**




| Month | Daily average | | | | Monthly totals | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Hits | [illegible] | Pages | KBytes | Distinct Visitors | Visits | Hits | [illegible] | Unique Pages | KBytes | mS |
| January 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| February 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| March 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| April 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| May 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| June 2012 | 61 | 13 | 5 | 0 | 51 | 75 | 1825 | 377 | 96 | 0 | 1014 |
| July 2012 | 113 | 50 | 27 | 0 | 95 | 160 | 3500 | 1542 | 184 | 0 | 5479 |
| August 2012 | 1838 | 834 | 305 | 0 | 866 | 3037 | 56989 | 25855 | 566 | 0 | 725 |
| September 2012 | 3880 | 1906 | 770 | 0 | 1819 | 8153 | 116397 | 57173 | 718 | 0 | 939 |
| October 2012 | 5558 | 3299 | 1059 | 0 | 2814 | 11314 | 172286 | 102283 | 798 | 0 | 925 |
| November 2012 | 3905 | 2348 | 898 | 52899 | 2261 | 10785 | 117157 | 70433 | 941 | 1586957 | 1072 |
| December 2012 | 3129 | 1919 | 801 | 162767 | 945 | 3437 | 34414 | 21107 | 843 | 1790435 | 764 |

## Систем за електронско учење, *е-учење*




Во рамките на проектот ИПА, со втората компонента беа опфатени сите активности поврзани со имплементација на системот за електронско учење. Системот за електронско учење е целосно имплементиран и е функционален.

Модулот е-учење е составен дел на новиот систем за менаџирање на процесите во Академијата за судии и јавни обвинители што се изработени во продукциската околина SHAREPOINT. Пристапот до системот за електронско учење е преку регистрација на слушателот на новиот веб-портал на Академијата за судии и јавни обвинители http://jpacademy.gov.mk и добивање на соодветни кориснички привилегии за влез во системот на АСЈО или директно на http://portal.jpacademy.gov.mk:8565.

На системот за електронско учење веќе се поставени следниве интерактивни курсеви:

☑ Почетна обука на системот е-учење;

- ☑ Интерактивен курс за Outline EU Law e-Curse pilot training;
- ☑ Интерактивен курс – Примена на член 8 од ЕКЧП;
- ☑ Интерактивен курс – Примена на член 10 од ЕКЧП;
- ☑ Интерактивен курс – Поткуп преку концептот на службено лице – Корупција;
- ☑ Интерактивен курс – Конфискација на противправен имот;
- ☑ Интерактивен курс – Малолетничка правда.

На секој курс се поставени соодветни прашалници и вежби, како и анкети за евалуација на курсот.

Во рамките на системот за е-учење веќе е поставена база од работни материјали распоредени по области што се достапни до корисниците на системот. Системот за електронско учење во себе ги вклучува следниве содржини:

- Интерактивни курсеви;
- Сопствена база на материјали;
- Презентациски форми;
- Виртуелна училница;
- Дискусиски форми;
- Задачи и евалуации.

## XI БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Академијата за судии и јавни обвинители има голема улога во унапредувањето на знаењата на идните судии и јавни обвинители, но и во усовршувањето на знаењата на судиите и јавните обвинители, како и на судската и јавнообвинителската администрација.

Во таа насока, библиотеката продолжува со континуираното збогатување на библиотечниот фонд со законски текстови, домашна и странска правна литература и стручни списанија, со што Академијата им нуди на своите корисници широк спектар на правни текстови, како и линкови на бази на податоци што ги објавува на веб-страницата. Имено, во 2012 година, библиотеката го збогати библиотечниот фонд со уште неколку нови публикации што ги доби како подарок, а во чијашто подготовка, промоција и дистрибуција активно учествуваше. Така, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и МАНУ беа промовирани публикациите: „Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза“ и „Пресуди и одлуки во врска со говорот на омраза од судската пракса на Европскиот суд за човекови права“. Исто така, од страна на Академијата беше дистрибуиран и прирачникот за практичари „Спроведување на одредбите за кривична одговорност за правните лица“, што беше издаден од Мисијата на ОБСЕ. Во рамките на соработката со програмата на Обединетите нации за развој – УНДП, и Министерството за транспорт и врски беше изготвен, промовиран и дистрибуиран „Практикумот за постапување во случаи на семејно насилство“, додека во соработка со Канцеларијата за развој, помош и обука на јавните обвинителства – ОПДАТ, при Кривичниот оддел на

Министерството за правда на САД, Академијата ја издаде публикацијата со наслов „Збирка на референтни пресуди на Европскиот суд за човекови права во врска со член 3, 5, 6 и 8 од Европската конвенција за човекови права“, што беше промовирана на трети октомври 2012 година.

Како резултат на успешната соработка со Германската фондација за меѓународна правна помош, библиотеката на Академијата го зголеми библиотечниот фонд со уште неколку нови наслови од областа на германското право. Во рамките на соработката со Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители ја дистрибуираше и публикацијата „Коментар на Законот за медијација“, што ја издаде и ја публикуваше Министерството за правда.

Во моментов со задоволство може да се констатира дека библиотеката на Академијата располага со голем број материјали од најактуелните теми во областа на правото напишани на јазиците што ги зборуваат повеќето земји-членки на Европската унија.

Следејќи ги најновите достигнувања во делот на библиотечното работење, библиотеката активно учествува на сите настани, семинари, конференции и обуки што се во насока на подобрување и унапредување на работата на библиотеката. Развојот на информатичкото општество наложува и наоѓање на модерни и софистицирани решенија што ќе им понудат полесен начин на пребарување и пристап до информации на корисниците. Во таа насока, во рамките на проектот ИПА беше целосно надграден новиот библиотечен софтвер што овозможува полесна обработка на публикациите што го сочинуваат библиотечниот фонд. Од друга страна, со лесната навигација на крајните корисници им се овозможува полесен, побрз и поедноставен електронски пристап до библиотеката на Академијата, како и поголем број информации за публикацијата што се пребарува. На пример, преку прозорецот за пребарување корисникот има можност да пребарува одредена публикација по клучен збор, име и презиме на автор, ИСБН итн. Исто така, со надградувањето на софтверот, корисникот ќе има можност да види и дел од кратката содржина за секоја публикација, што претставува одлична насока во изборот на потребната публикација. Со оглед на фактот што ваквата придобивка од новиот библиотечен софтвер бара повеќе време, особено поради тоа што секоја публикација се внесува мануелно, процесот на електронска обработка на публикации ќе продолжи и во 2013 година, со паралелно внесување и на новите публикации што ќе пристигнат во библиотеката по пат на набавка или подарок. До крајот на 2012 година, во интерната е-библиотечна база се изработени над 400 публикации или, поточно, половина од вкупниот библиотечен фонд.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап до колку што е можно поголем број информации од областа на правото, Академијата на својата веб-страница во текот на целата година ги објавуваше билтените на Меѓународната академија за антикорупција – IACA, како и други релевантни текстови што беа испратени до Академијата од страна на експерти и практичари на правото, со кои е остварена одлична соработка, при што во текот на 2012 година беа објавени и низа на правни текстови од САД. Исто така, во рамките на соработката со г. Мајкл Дилберто, експерт од САД со кого Академијата има одлична соработка веќе две години, во континуитет беа објавувани неговите месечни текстови посветени на медијацијата во САД. На веб-страницата на Академијата, како дел од соработката со Европската мрежа за судска обука – EJTH, беа објавени и дел од

документите на EJTH, релевантни и корисни за правосудниот систем на Република Македонија, како и на обвинителот од Канада и предавач во Академијата. г. Марк Кован. Исто така, како дел од соработката со Советодавниот совет на европските судии при Советот на Европа – CCEC, и Европската комисија за ефикасноста на правдата беа објавувани во континуитет сите релевантни документи донесени и усвоени од страна на овие две тела, преведени на македонски јазик. Во соработка со Државното обвинителство на Република Хрватска, на веб-страницата на Академијата беше објавен и Прирачникот на државните обвинители на Република Хрватска – 2 изд., за кој постоеше голем интерес кај обвинителите и правните експерти во Република Македонија. Академијата за судии и јавни обвинители, во соработка со Министерството за правда на Република Македонија во насока на приближување на праксата на Европскиот суд за човекови права и Европската конвенција за човекови права до практичарите на правото во Република Македонија, во 2012 година објави 70 пресуди на Европскиот суд за човекови права преведени на македонски јазик.

Во рамките на соработката воспоставена со Здружението на новинарите на РМ, Академијата обезбеди достапност и линк на своите релевантни материјали што се однесуваат на односите на судството и медиумите.

Академијата за судии и јавни обвинители на својата веб-страница продолжи да објавува корисни линкови со кои стручната јавност во Македонија ќе може да има пристап до колку што е можно повеќе документи, материјали, публикации, текстови и изданија од областа на правото, па, така, до крајот на 2012 година, на нејзината веб-страница поставени се над 30 линкови до меѓународни и домашни правни институции.

Во насока на широко запознавање на стручната јавност во Република Македонија со работата на Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа и со работата на шефот на делегацијата, на веб-страницата на Академијата беше креирана датотека насловена „GRECO“, каде што редовно се објавуваат сите активности на шефот на делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО, како и релевантни документи усвоени од ова тело. Значаен дел од овие документи беа преведени и објавени на македонски јазик. Исто така, од страна на Академијата, до сите институции што дејствуваат во областа на корупцијата, беа дистрибуирани и двете публикации на ГРЕКО: „Political funding“ и „Incriminations“.

Академијата за судии и јавни обвинители ќе ја продолжи својата практика на објавување, преведување, публикување и дистрибуција на колку што е можно поголем број на значајни написи, текстови и публикации, сè со цел да овозможи поедноставен, побрз и поширок пристап до правните системи на земјите од Европа и светот.

# XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

- **<u>БУЏЕТ</u>**

За 2012 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 28.330.000,00 денари.

Во текот на 2012 година, со ребалансот на буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители, од одобрениот буџет беа скратени средства во износ од 4.500.000,00 денари.

Заради недостаток на средства за реализирање на преземените обврски на одделни ставки, Академијата со пренамена на веќе одобрените средства обезбеди средства на оние ставки каде што се појавува голем недостаток и голем обем на обврски што требаше да се реализираат.

Од почетокот на 2012 година, а заклучно со 31 декември 2012 година, Академијата има реализирано **17.031.915,00** денари од својот буџет.

| **2012 година** | **Одобрен буџет 28.330.00,00** | **Ребаланс на буџет 23.830.000,00** |
|---|---|---|
| 401 Основни плати | 6.480.000,00 | 7.780.000,00 |
| 402 Придонеси | 2.520.000,00 | 3.000.000,00 |
| 420 Патни и дневни расходи | 480.000,00 | 200.000,00 |
| 421 Комунални услуги | 2.000.000,00 | 1.600.000,00 |
| 23 Материјали и ситен инвентар | 1.600.000,00 | 1.000.000,00 |
| 424 Поправки и одржување | 400.000,00 | 250.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 12.000.000,00 | 9.000.000,00 |
| 426 Други тековни расходи | 2.850.000,00 | 1.000.000,00 |






- **<u>ЈАВНИ НАБАВКИ</u>**

Во текот на 2012 година, Академијата реализираше вкупно 20 јавни набавки:

– Постапка со барање за прибирање понуди – 19 постапки; и
– Постапка со преговарање без претходно објавување оглас – една постапка.



Академијата за судии и јавни обвинители, согласно чл. 29-а од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр. 24/12), определи лице кое ќе ги врши работите од областа на јавните набавки. Лицето кое е обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки, согласно Законот за јавните набавки, е вработено во Академијата и има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

Академијата, која има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа на сите вработени во Академијата, волонтери и останати правни и физички лица ангажирани за вршење работи по договор, како и на сите целни групи што по Законот за Академијата за судии и јавни обвинители учествуваат во обуките што ги организира Академијата, ја спроведе набавката на услугата за здравје и безбедност при работа. Во врска со неа беше донесен и Правилник за безбедност и здравје при работа. Реализацијата на набавката беше спроведена од страна на фирма што е овластена и поседува дозвола од страна на министерот за работи од областа на трудот и таа изврши испитување на работните места, околината и средствата за работа. Академијата организираше соодветна обука за безбедност и здравје при работа, а беше определено и лице како претставник на вработените за безбедност и здравје при работа.

## XIII СТАТИСТИКИ

Во 2012 година Академијата продолжува со редовно ажурирање на базата на податоци за судиите и јавните обвинители. Имено, редовно се внесуваат сите настанати промени во нивниот моментален статус (избор, пензионирање, разрешување, флуктуација од еден во друг суд или од едно во друго јавно обвинителство, унапредување, материја во којашто постапуваат), бидејќи од оваа база Академијата ги црпи сите параметри што се однесуваат на бројот на планирање на обуките по области за постојано стручно усовршување согласно целните групи, понудувајќи доволен број обуки, со цел да им овозможи на сите целни групи да го исполнат задолжителниот број денови за тековната година.

**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2012**
**Вкупно судии и јавни обвинители**




Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2012 година
Вкупно судии
20%
80%
Не исполниле задолжителни денови на обука - 131
Исполниле задолжителни денови на обука - 515


Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2012 година
Вкупно јавни обвинители
17%
83%
Не исполниле задолжителни денови обука - 34
Исполниле задолжителни денови обука - 171

## XIV ЕВАЛУАЦИЈА

Академијата продолжува со спроведување евалуација на континуираната обука на предавачите и менторите.

Академијата настојува да ги спроведува меѓународните стандарди за обука што наметнуваат водење на разни анализи, статистики и евиденции, со цел да се утврдат ефектите од обуката на краткорочни, среднорочни и долгорочни патеки.

Евалуацијата во поглед на континуираната обука на судиите и јавните обвинители перманентно се спроведува преку пополнување на евалуациските прашалници на крајот на секоја обука. Исто така, како и секоја година, така и на крајот на 2012 година се спроведе годишна евалуација на предавачите ангажирани во рамките на континуираната обука.

Овие евалуации се користат за подобрување на наставата на едукаторите, наставните техники и вештини, а пошироко и за анализа на потребите на целните групи.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Академија за судии и јавни обвинители

**Име и презиме:**
**Институција:**
**Обука на тема:**
**Предавачи:**

**ПРАШАЛНИК ЗА ПОДОЦНЕЖНА ЕВАЛУАЦИЈА**

**1. Дали обуката ги постигна целите?**

ДА НЕ ДЕЛУМНО

Коментар:

**2. Дали стекнатото знаење од обуката имаше практично влијание врз Вашата секојдневна работа?**

ДА НЕ ДЕЛУМНО

Изготвен е нов евалуациски прашалник за подоцнежна евалуација во рамките на проектот ИПА 2008. Овој евалуациски прашалник претставува посттренинг-евалуација, со кој:

- ќе се сублимира стекнатото знаење од спроведените обуки;
- ќе се имплементира своевидна добра практика, односно анализа на случаи што ќе се постават на системот за електронско учење.

## XV ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Академијата за обука на судии и јавни обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, огласната табла и објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се објавени на интернет-страницата на Академијата, како: актите, организациската структура и организацискиот состав, програмите за обука, календарите на обуки, додека, пак, за позначајните настани што ги организира доставува прес-извештаи до медиумите во Република Македонија, објавува интервјуа и слично.

Со цел поуспешно и потранспарентно работење, а воедно и навремено информирање за сите позначајни активности, Академијата за судии и јавни обвинители на својата веб-страница во текот на 2012 година објави повеќе од 260 текстови-најави, додека во соработка со Македонската новинска агенција – МИА, од страна на МИА беа покриени над 30 настани на кои учествуваа правни експерти од земјата и странство, национални и странски практичари на правото, како и високи претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија. Исто така, покрај МИА, дел од настаните беа медиумски покриени од страна на повеќе електронски и пишани медиуми од Републиката.

Во насока на обезбедување на поголем пристап до информации од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со одлука на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители, беше номинирано и лице задолжено за давање информации од јавен карактер.

**Дел од излагањата и изјавите на истакнати личности во земјава и странство дадени за електронските и пишаните медиуми во Република Македонија**

На одделни настани во рамките на своите обраќања, позитивни оцени и пофални зборови за работата на Академијата пред јавноста на Република Македонија упатија голем број претставници од дипломатскиот кор и странските претставништва во земјава, како и странски експерти.

Во рамките на настанот по повод потпишувањето на Меморандумот за тригодишна билатерална соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, за медиумите од Република Македонија, изразувајќи задоволство од почнувањето на новата фаза на соработката со Академијата за судии и јавни обвинители, тогашниот амбасадор на Република Франција во Република Македонија, Н.Е. Жан Клод Шлумберже, изјави:

„Сета работа што се спроведува во рамките на Академијата оди во прилог на реформите во правосудството. Академијата тука игра огромна улога“.

На обуката посветена на судската пракса на Европскиот суд на правдата што се реализираше во рамките на проектот МАТРА, што Академијата го спроведува во соработка со Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, актуелниот амбасадор на Кралството Холандија, Н.Е. Марија Хенриете Шурман, за медиумите изјави:

„Строго, но правично е она до што се држи Кралството Холандија, тоа подразбира целосно имплементирање на сите стандарди и критериуми за влез во ЕУ, а она што е многу значајно е хармонизација на националното законодавство со правото на ЕУ, со што ќе се обезбедат еднакви можности на сите граѓани“. Изразувајќи задоволство од досегашната успешна соработка со Академијата, амбасадорката Шурман додаде дека Амбасадата на Кралството Холандија и понатаму ќе продолжи да ја поддржува Академијата за судии и јавни обвинители, а со тоа и реформите на правосудниот систем на Република Македонија.

Во рамките на настанот по повод завршувањето на проектот ИПА за јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители, задоволство од досегашната успешна работа на Академијата и реализацијата на активностите што се во насока на хармонизација на националното законодавство со легислативата на ЕУ, изрази г. Роберт Лидел, министер-советник на Европската делегација во Република Македонија.

По повод промоцијата на публикацијата насловена како „Збирка на референтни пресуди на Европскиот суд за човекови права во врска со член 3, 5, 6 и 8 од Европската конвенција за човекови права“, пред медиумите и присутните, амбасадорот на САД во Република Македонија, Н.Е. Пол Волерс, ја поздрави досегашната исклучително успешна соработка со Академијата и во насока на темата на настанот додаде: „Потребата од издавање на вакви збирки и дискутирање на овие теми секогаш е многу корисна и значајна, особено во период што е битен за Република Македонија во имплементирањето на новиот Закон за кривична постапка“.

На настанот по повод завршувањето на базичните обуки за новиот Закон за кривичната постапка, заменик-амбасадорот на Амбасадата на САД во Република Македонија, г. Брајан С. Аглер, ја изрази својата увереност дека овие обуки ќе дадат придонес во практичната примена на законот и оти со тоа ќе се унапреди владеењето на правото во корист на граѓаните. Притоа додаде: „Ова е значаен чекор во напредокот во имплементацијата на Законот за кривична постапка, што е значајно не само за придвижувањето на Македонија во исполнувањето на меѓународните стандарди во правото, туку и во унапредувањето на владеењето на правото во корист на граѓаните на Македонија“.

Шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Н.Е. Ралф Брет, обуките ги оцени како позитивни, при што за медиумите рече: „Обуките низ кои поминаа судиите и јавните обвинители во Македонија, стручните соработници и советниците од судовите и јавните обвинителства се позитивни бидејќи тие сега се запознаени со најважните одредби на новиот Закон за кривична постапка и се подготвени за негово спроведување во пракса“.

Значајна изјава е и изјавата на г-ѓата Џими Ворен, правен советник на програмата ОПДАТ при Министерството за правда на САД, дадена за медиумите во Република Македонија, во рамките на семинарот посветен на борбата против финансискиот криминал, каде што, подвлекувајќи ја значајната улога на Академијата особено на полето на спроведување на обуките за судиите и јавните обвинители, нагласи: „Настојуваме во борбата против финансискиот криминал да дадеме регионална компонента. Битно е имотот што е стекнат од финансискиот криминал да се конфискува, односно мотивот за

профит да се елиминира. Обвинителството од Тексас станува партнер не само на Македонија, туку и во регионот".

Новиот претставник на УНХЦР во Скопје, г. Мохамад Ариф, по повод потпишувањето на меморандумот за разбирање со директорот на Академијата за судии и јавни обвинители, за јавноста во Република Македонија, изјави дека е задоволен од досегашниот континуитет на соработка со Академијата и дека Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации – УНХЦР, е подготвен да ја продолжи и да ја интензивира успешно воспоставената соработка на полето на правото на бегалците.

Во насока на поддржување на реформите на правосудството во Република Македонија, што се однесуваат на правото на заштита на интелектуална сопственост, Академијата, на регионалната конференција организирана со УНЕЦЕ, високиот претставник на Економската комисија на ОН за Европа, г. Ралф Хајнрих, истакна дека иновацијата е едно од најважните прашања што го промовира економскиот развој во една земја и е особено важна за развој на среднорочно и долгорочно ниво. „Иновацијата денес се замислува како промовирање на соработката преку границите. И токму затоа ОН се заинтересирани да соработуваат со земјите од целиот свет во насока на промовирање на иновацијата", рече Хајнрих.

„Доколку една земја сака да биде добра во промовирањето на иновациите и во соработката со другите земји, тогаш мора да биде сигурна дека има воспоставено вистинска правна, регулативна и политичка рамка за промовирање на иновацијата. **Законите во Македонија се хармонизирани со оние на меѓународно ниво и на ниво на ЕУ, но вистинското значење на еден закон е во неговото спроведување во што највлијателни се судиите**", додаде Хајнрих.

При својата прва протоколарна посета на Врховниот суд на Република Македонија, шефот на делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Аиво Орав, пред присутните, како значаен фактор за успешно спроведување на процесот на хармонизирање на националното законодавство со легислативата на ЕУ и меѓународните стандарди, ја посочи Академијата за судии и јавни обвинители и нејзината улога во правосудниот систем на Република Македонија.

Академијата и понатаму останува доследна во исполнувањето на една од своите најважните заложби, а тоа е континуирано редизајнирање и менување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што, покрај транспарентност во работењето, ќе се постигне повисоко ниво на угледност како институција што е ориентирана кон задоволување на потребите на своите корисници. Преку овозможување достапност на колку што е можно поголем број на материјали, презентации и корисни линкови поврзани со предметните семинари, како и електронско пријавување за нивно учество, Академијата ќе го олесни реализирањето на континуираната обука на сите свои корисници, ќе им овозможи на потенцијалните учесници пред обуката навремено да се подготват за дискусија, но во исто време ќе им овозможи достапност до тренинг-материјалите и на оние учесници што не ја следеле конкретната обука.

